„АЛО - ПЕНЗИОНЕРСКИ ПРАШАЊА“
СЕКОЈ ВТОРНИК И ЧЕТВРТОК ОД 10 ДО 12 ЧАСОТ
02/3213 227

Емисијата „Трета доба“ се емитува на МРТ 1 првата сабота во месецот од 13:20 часот, а наредната сабота оди репризата

СЗПМ
БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК ЗА СЕГАШНИ И ЗА ИДНИ ПЕНЗИОНЕРИ

# ПЕНЗИОНЕР плус

30 септември 2022 година
број 170

Година XV Излегува еднаш месечно
www.szpm.org.mk e-mail: vesnik@szpm.org.mk СЗПМ тел. 02 3223 710
ISSN 1857-7660

NLB Banka

**ВО ОВОЈ БРОЈ...**

26-ТИ РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ стр. 2 и 3


ЛИЧНА КАРТА НА ЗП ГАЗИ БАБА стр. 4

АКТИВНОСТИ стр. 5

ПРОСЛАВИ И НАСТАНИ стр. 7

МИСЛЕЊЕ ОД СЗПМ ЗА НОВИТЕ ДАНОЧНИ РЕФОРМИ стр. 8


ДАНИЦА ПЕТЛИЧКОВА ПОВТОРНО ИЗБРАНА стр. 9


ИНТЕРВЈУ СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЉУПЧО ПАПАЗОВ стр. 10

ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД СЗПМ ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ НА ЧЛЕНСТВОТО ВО 2022 стр. 11

ИЗБОР НА АЛБАНСКИ

МОЗАИК стр. 12

ЗАБАВА стр. 15

ДОНЕСЕНИ ЗНАЧАЈНИ ЗАКЛУЧОЦИ стр. 16

26. републички спортски пензионерски натпревари Охрид 2022

# Убав пензионерски спортски масовен настан во убавиот Охрид



Пред 26 години Првите спортски пензионерски натпревари се одржале во Охрид. На нив зеле учество 13 здруженија, а домаќин како и оваа година било здружението на охридските пензионери. За разлика од тогаш, годинава на овие 26. републички спортски пензионерски натпревари со свои спортисти – пензионери учествуваат 38 здруженија, членки на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Натпреварите се одржаа во Спортско рекреативниот центар „Билјанини Извори“, а организатор на овој масовен спортски пензионерски настан во убавиот Охрид е Сојузот.

Интересен е податокот што ЗП Охрид и Дебрца има богата и успешна пензионерска спортска историја. На досега одржаните 25 републички пензионерски спортски натпревари–олимпијади од 1996 до 2021 година во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија спортистите членови на спортските екипи на ЗП Охрид и Дебрца имаат постигнато врвни спортски резултати со освојување на: седум (7) први места во екипна конкуренција во 2006 година, и шест (6) пати едноподруго од 2011 до 2016 година биле најдобра екипа, а имаат освоено еден преоден и два пехари во трајна сопственоста вкупно 44 први места и златни медали од кои 27 во поединечна и 17 во екипна конкуренција. ЗП Охрид и Дебрца е досега најуспешна екипа од сите здруженија на пензионери во рамките на СЗПМ.

Во убавиот Охрид, на Републичките пензионерски спортски натпревари на „Билјанини Извори“, прв на присутните им се обрати претседателот на ЗП Охрид и Дебрца Ѓорѓи Трпчески кој се закитил со златен медал во дисциплината мажи, скок од место во 1999 и 2000 година. Тој ги поздрави присутните гости и спортисти и меѓу другото рече:

– Ми претставува голема чест што ја добивме довербата да бидеме домаќини на 26–тите републички пензионерски спортски игри во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. На сите ви посакувам убаво да се чувствувате во нашиот град познат по своите знаменитости во земјата и во светот, а на натпреварувачите им посакувам да постигнат резултати со кои ќе се гордеат и тие и нивните здруженија.

Присутните на 26–тите републички пензионерски спортски игри ги поздрави и им посака успех на натпреварувачите и претставничката на Министерството за труд и социјална политика Наташа Димеска, како и претставникот на локалната самоуправа Димитар Спасески.

Со одбрани и убави зборови од убавиот Охрид, градот на македонската писменост и просветителство, градот на светите Климент и Наум, на присутните им се обрати и претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, првата жена претседател на Сојузот, која меѓу другото рече:

– Почитувани присутни, денеска се одржуваат 26–тите републички пензионерски спортски игри во организација на СЗПМ, а домаќин е ЗП Охрид и Дебрца.

Имам особена чест да го поздравам Братислав – Бата Здравковиќ, претставникот на Сојузот на пензионерите на Србија со кој Сојузот имаме во план остварување на спортски активности со вклучување и на меѓународен елемент, и претседателот од Здружението на пензионерите на градот Врање Стојче Павловиќ, кој има склучено меморандуми за соработка со повеќе наши пензионерски здруженија.



Исто така, ја поздравувам Наташа Димеска, претставник на министерката за труд и социјална политика со кои СЗПМ има извонредна соработка по сите прашања од значење за пензионерите, како и претставникот на Општина Охрид Димитар Спасески.

Почитувани пријатели,

Пред 26 години, во далечната 1996 година, се родила една убава идеја: организирање на масовни спортски натпревари на пензионерите во нашата татковина. Реализацијата на оваа идеја се базира на фактот дека спортувањето во поодминати години во животот овозможува да се одржува психофизичката функција на човекот. Првите републички спортски натпревари се одржале во 1996 година токму тука во Охрид, а на нив учествувале само 13 здруженија кои се натпреварувале само во три дисциплини: шах, стрелаштво и пикадо. Како што одминувале годините спортските натпревари станувале се поквалитетни и помасовни. На денешните Републички спортски игри силите ќе ги одмерат пензионерите во 9 дисциплини заради претпазливост и заштита од ковид 19.

Како и секоја година и оваа на овие 26–ти републички пензионерски спортски игри им претходеа 8 региони, натпревари на кои учествуваа 1 348 натпреваруваачи од сите 53 здруженија, членки на СЗПМ, а вкупниот број на пензионери кои се дружеа изнесуваше 1 853, и тоа во услови кога сè уште постои страв од пандемијата. Заедничкиот именител на сите учесници беше да се освои што подобар резултат и да се учествува на Републичките натпревари. Овие бројки говорат дека во хрониката на пензионерското спортување и во вакви услови пензионерите застанаа пред предизвикот ковид 19 и покажаа дека тие со заминување во пензија не се пензионираат од општеството туку избраа живот и иднина.

Почитувани пензионери, иако денес главни се спортските натпревари заслужува да се спомене дека со септемвриската исплата на пензијата очекуваме таа да биде усогласена според новата методологија преточена во Законот за пензиско и инвалидското осигурување. Покрај пензијата актуелни се и антикризните мерки во кои би требало да бидат опфатени и пензионерите особено оние со ниски пензии бидејќи покрај пензијата многу значајни се и мерките надвор од пензискиот систем, за што СЗПМ даде и свои предлози.

На крајот, сакам да истакнам дека ЗП Охрид и Дебрца со радост го прифати предлогот да биде домаќин на Републичките спортски игри каде што покрај спортувањето покажуваме заедништво, почит, слобода – атрибути кои денеска ни се многу потребни.

Затоа, нека победи најдобриот иако јас мислам дека сите вие што сте денес присутни сте победници бидејќи без вас денес немаше да се случи ни оваа републичка спортска олимпијада за која ќе биде запишано дека се одржала во Охрид на 14 септември 2022 година. И сосема на крајот од ова мое обраќање ќе завршам со латинската сентенца: МЕНС САНА ИН СОРПОРЕ САНО – во здраво тело, здрав дух, како основни предуслови за среќа и подолг живот.

Ги прогласувам 26–тите републички спортски натпревари во 2022 година за отворени.

Претседателот на Комисијата за спорт на ИО на СЗПМ, познат долгогодишен пензионерски активист и спортист Здравко Петковски ги објасни правилата за натпревар и ги насочи спортистите кон терените и локациите каде што ќе се одвиваат натпреварите по дисциплини. По овие објаснувања започнаа натпреварите во кои годините речиси како да не беа важни. Секој се трудеше да даде сè од себе и да постигне што подобри резултати.



По завршување на натпреварите беа прогласени најдобрите. Поединечните победници добија пехари, а групните медали. На победничкото здружение и поединци победници пехарите и им врачи претседателката на СЗПМ Станка Трајкова.

Пред прогласување на победничкото здружение на гостите од Р Србија и Р Албанија претседателката Трајкова им додели плакети за добрата сегашна и идна соработка со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Оваа година севкупни победници на 26–тите републички спортски игри се спортистите од ЗП Охрид и Дебрца, втори се пласира спортистите од ЗП Тетово и третото место им припадна на спортистите од ЗП Прилеп. Пехарите им ги врачи, на претседателот на ЗП Охрид и Дебрца Ѓорѓи Трпчески, претседателката Станка Трајковска.

26–тите републички спортски игри со финансиски средства се поддржани од Комерцијална банка АД Скопје, со која Сојузот има долгогодишна соработка за што Сојузот им се заблагодарува во името на 280 000 пензионери.

**К. С. Андонова**

**ЌЕ ИЗЛЕЗАТ**
**20 октомври**
**- Прилог за пензионери во „Коха“**
**28 октомври**
**„Пензионер плус“**

Вашата пензија секогаш на први во месецот.
НЛБ Сребрен пакет
NLB Banka

**НЕКА НИ Е ЧЕСТИТ 20-ти СЕПТЕМВРИ - ДЕНОТ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ** СЗПМ

26. републички спортски пензионерски натпревари Охрид 2022

# Домаќините ЗП Охрид и Дебрца најдобри

комерцијална банка ад скопје

На 14 септември 2022 година во Охрид, во организација на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија се одржаа 26–ите пензионерски републички спортски натпревари, а домаќин беше ЗП Охрид и Дебрца. Отворањето на игрите се изврши во салата на Спортско–рекреативниот центар „Билјанини Извори“. По започнување на настанот во предвиденото време, на присутните со пригодни говори им се обратија: претседателот на ЗП Охрид и Дебрца Ѓорѓи Трпчески, од името на Општина Охрид ги поздрави Димитар Спасески, од името на МТСП Наташа Димеска, од Сојузот на пензионерите на Србија Братислав – Бата Здравковиќ, а од името на СЗПМ на присутните им се обрати и игрите ги прогласи за отворени претседателката на СЗПМ Станка Трајкова.











На 26. РПСН право на настап обезбедија 280 натпреварувачи од кои 136 во женска и 144 во машка конкуренција од 38 здруженија кои се натпреваруваа во 9 спортски дисциплини и 19 категории.

Бројот на здруженијата кои оваа година не успеаја да остварат право на настап како никогаш досега е многу голем и изнесува 15 здруженија, иако на регионалните натпревари настапија сите 53 здруженија, членки на СЗПМ.

Интересно е да се потенцира во извештајот дека како последица на ковид 19 оваа година како никогаш досега беа погодени повеќе од десетина натпреварувачи и затоа беа повикувани второпласираните од регионалните натпревари, а во еден случај беше спречена една цела екипа. Исто така, за одбележување е и тоа што ЗП Гевгелија која имаше стекнато право на настап на Републичките натпревари ниту еден од учесниците од здружението не присуствуваше на завршните натпревари така што, наместо 38 настапија 37 здруженија.

Треба да истакнам дека СРЦ „Билјанини Извори“ располага со идеални услови за одржување вакви масовни натпреварувања, а ЗП Охрид и Дебрца многу сериозно ги сфатија обврските и терените ги имаа подготвено без никакви забелешки. Како резултат на добрите подготовки натпреварите многу брзо се одвиваа.

Врачувањето на медалите и прогласувањето на победниците се вршеше сукцесивно. Така, како која дисциплина ќе завршеше веднаш се прогласуваа победниците.

Прогласувањето на најдобрите поединци во стрелање со воздушна пушка и пикадо и врачувањето на пехарите се изврши во ресторанот во присуство на сите гости, а пехарите ги врачи претседателката на СЗПМ Станка Трајкова.

Исто така, прогласувањето на севкупниот победник и врачувањето на преодниот и трајниот пехар се изврши во ресторанот, а пехарите на претседателот на ЗП Охрид и Дебрца Ѓорѓи Трпчески му ги врачи претседателката на Сојузот Станка Трајкова.



Најуспешно здружение во многу силна конкуренција оваа година беше ЗП Охрид и Дебрца со освоени 95 бодови, а учествуваше во 13 спортски дисциплини од кои 5 во екипна и 8 во поединечна конкуренција и притоа освои 3 златни, една сребрена и 4 бронзени медали, пред ЗП Тетово кое освои 87 бодови, а учествуваше во 12 дисциплини освојувајќи 4 златни и 2 бронзени медали. На трето место се пласираа од ЗП Прилеп со 51 бод, четврти беа ЗП Кочани со 48, петти натпреварувачите од Штип со 42 бода итн.



Од вкупно 37 здруженија колку што се натпреваруваа на годинашниве РПСН дури 30 успеаја да освојат медали и тоа: 13 здруженија освоија златни медали, 16 сребрени и 11 здруженија се закитија со бронзени медали, или на годинашниве натпревари беа доделени 19 златни, 19 сребрени и 19 бронзени медали или севкупно беа поделени 57 медали, 4 пехари за најдобри поединци и 2 пехара на севкупниот победник од кои едниот во трајна сопственост, а другиот преоден.

На преодниот пехар изгравирани се плочки кое здружение која година го има освојувано од 2000 година па наваму. Инаку, преодниот пехар по 8 пати го имаат освојувано ЗП Тетово и ЗП Охрид и Дебрца. Трајниот пехар го имаат добиено ЗП Охрид и Дебрца двапати, а ЗП Тетово еднаш. Покрај Охрид и Тетово преодниот пехар го имаат освојувано и ЗП Куманово 5 пати и ЗП Прилеп еднаш. Инаку интересно е да се нагласи дека преодниот пехар е воведен во 2000 година и прво здружение кое го има освоено е ЗП Куманово.

Гледано по региони најуспешни натпреварувачи оваа година беа од вториот регион кои освоија 6 златни, 1 сребрен и 3 бронзени медали или вкупно 10, пред 4. регион кој освои 3 златни, 1 сребрен и 7 бронзени. На 3 место се натпреварувачите од 8. регион со 3 златни, 2 сребрени и 1 бронзен медал, на 4 место е 6. регион со 3 златни и 2 сребрени медала, а по нив следат од 3. регион со освоени 2 златни, 4 сребрени и 3 бронзени, шести се натпреварувачите од првиот регион со 1 златна, 4 сребрени и 1 бронзен медал, на 7 место се од 8. регион со 1 златна, 3 сребрени и 1 бронзен медал и на последното 8 место се натпреварувачите од 5. регион кои освоија 2 сребрени и 3 бронзени медали.

Оваа година натпреварите протекоа и завршија многу



Пикадо жени



Пикадо мажи





Трчање до 60 години жени



Трчање над 60 години жени







Трчање до 60 години мажи



Трчање над 60 години мажи





Ѓуле жени





Стрелаштво жени



Стрелаштво жени и мажи





Ѓуле мажи





Скок од место



Табла жени





Кошарка - слободни фрлања на кош жени





Табла мажи





Кошарка - слободни фрлања на кош мажи





Домино жени





Фудбал - пенали на мали голчиња жени





Домино мажи





Фудбал - пенали на мали голчиња мажи

брзо во сите дисциплини без никакви проблеми освен во дисциплината трчање мажи, каде што двајца од учесниците беа толку изедначени така што судиите кои биле на целта не можеле да се одлучат кој од нив двајцата е втор, а кој трет. На предлог да фрлаат ждрепка и на тој начин да се реши случајот едниот од натпреварувачите беше категоричен дека такво нешто не прифаќа туку остава судиите да одлучат кој бил подобар. Иако во Правилникот за спортски игри во член 27 став 12 е предвидено во државните натпревари во дисциплината трчање задолжително да се користи фотофиниш со чија помош без потешкотии се утврдува редоследот на пристигнување на натпреварувачите на целта, тоа не беше искористено.

На последната 14 седница на Комисијата на која се вршеа завршните подготовки за натпреварите беше подигнато и ова прашање меѓутоа заради избегнување трошоци беше одлучено да не се обезбедува фотофиниш. Сепак, во иднина независно од тоа, треба задолжително да се обезбедува фотофиниш бидејќи трчањето на 60 и 80 метри се брзи трки и најчесто натпреварувачите се изедначени.

Втор проблем во дисциплината трчање се јавува во неможноста во категоријата трчање жени до 60 години да се обезбедат натпреварувачи и секој регион да има свој претставник на Републичките натпревари. Така оваа година 1. и 8. регион немаа свои учесници бидејќи и на регионалните натпревари не се пријави ниеден натпреварувач. Овој проблем ценам дека во иднина ќе се појавува се почесто. Предлагам Комисијата за спорт да расправа и да најде соодветно решение.

**Комисија за спорт и рекреација**
**при ИО на СЗПМ**
**претседател Здравко Петковски**

# ЗП Гази Баба - лична карта




## Здружение на пензионери Гази Баба

**Ул. Јани Лукроски бр. 3, Скопје**

**Тел. 02 317 673**

**e-mail: penzionerigazibaba@gmail. com**



**Ѓорге Андонов**
**претседател**
**на ИО и на ЗП Гази Баба**

Оваа 2022 година Здружението на пензионери Гази Баба одбележува јубилеј, педесет години од неговото формирање. Тоа е убав повод да се навратиме на неговото опстанување и грижата за пензионерите и желбата да се нижат многу успеси на сите полиња. Формирано е пред пет децении, во далечната 1972 година, од пензионери исполнети со полет и ентузијазам. Низ својот педесетгодишен пат, Здружението на пензионери



Гази Баба, минува низ многу премрежиња, нагорни и надолни линии, со проблеми а и со успеси, но сепак опстанало благодарение на тоа што од самиот почеток на своето работење тоа било столб за грижа кон пензионерите. Денес, неспорен е фактот што Здружението Гази Баба ги има не само реализирано туку и надминато сите очекувања и сите цели, според кои се раководеле иницијаторите со донесување одлука за формирање на оваа здружение на пензионери.



Пред педесет години, на 12 декември 1972 година, во Секретаријатот за внатрешни работи на Собранието на Општина Скопје, под УП број 11870/1, е запишано, тогаш, Општинското здружение на пензионери и трудови инвалиди Гази Баба – Скопје. Овој датум се смета како ден на формирањето на здружението. Истата година е донесен и статутот на здружението. При формирањето, бројот на пензионери изнесува околу 1 100 членови. Во 1988 година е донесен и нов статут, кој е со многу сличности со сегашната поставеност со мали измени и дополнувања, каде што наместо огранок, имало формирано месна организација. По однос на органите на Здружението на пензионери Гази Баба, постоеле истите органи, со тоа што место денешниот Извршен одбор, тогаш било формирано Претседателство.

Оваа пензионерска организација особена преобразба добива во последните неколку години, односно по изборот на новото раководство во март 2011 година, кога почнуваат нови содржини, кои го прават животот на пензионерите посодржаен, занимлив и попривлечен за пензионерите. Денеска во Здружението членуваат повеќе од 13 илјади пензионери, кои живеат во селски и градски населби и во етнички мешан состав: Македонци, Албанци, Турци, Роми и други. Здружението ги опфаќа пензионерите од трите општини: Гази Баба, Петровец и Арачиново.

Основна цел на Здружението е да се помогне во остварување на правата на пензионерите од областа на социјалното осигурување и здравствената заштита и да им се обезбеди поактивно и поквалитетно живеење. Најнепосредна и одлична соработка Здружението остварува со СЗПМ. Секогаш се во координација и дејствуваат според одлуките и насоките што ги добиваат од Сојузот.



Највисок орган на Здружението на пензионери Гази Баба е Собранието, каде што при изборот, задолжително се води сметка за националниот состав и за избраните претставници од ограноците од руралните и од урбаните средини. Бројот на членовите во Собранието е 29, чиј мандат е четири години. Тоа има претседавач што ја води седницата, кој се избира од избраните претставници и за кој се одлучува со јавно гласање. Собранието од своите редови, а на предлог на ограноците и Кандидационата комисија избира Извршен одбор што го сочинуваат 11 членови, кој е извршен орган на Собранието на Здружението. Претседателот на Здружението кој е и претседател на Извршниот одбор го избира новоизбраниот Извршен одбор од редот на своите членови. Здружението има и Надзорен одбор од 3 членови кои не се членови на Собранието и на Извршниот одбор и ја контролира неговата работа. Извршниот одбор има формирано 9 комисии како помошни тела по различни области. При изборот на членови на органите и телата на Здружението, се води сметка да бидат застапени сите ограноци во зависност од бројот на членството, националноста и половата структура. Досегашни претседатели на ЗП Гази Баба од 1972 година биле: Ефто Николовски, прв претседател, Стојмен Младеновски, Благоја Атанасовски, Коце Ристевски, Јован Белковски, Душан Перески и Ѓорге Андонов, актуелен претседател.

Извршниот одбор при Здружението на пензионери Гази Баба, имајќи го предвид резултатот на средствата на сметката од здружението, донесе одлука да купи нов деловен простор со сопствени финансиски средства. Ова ќе остане во длабоката меморија на 13.000 пензионери, кои дадоа целосна поддршка заедно со органите и ограноците. Средствата се резултат на домаќинско и рационално работење на здружението повеќе години. Тие целосно ги имаат реализирано сите програмски задачи, планирани со програмите во функција за здраво и активно стареење. Тука е грижата за болните пензионери, со материјална поддршка, бањско–климатската рекреација, реализација на културните и спортските активности, екскурзиите и друго. Но, реализирани се и други активности кои се значајни за функционирањето на здружението и за подобрување на состојбата на сите членови. Во таа смисла реализира и инвестициска активност како што е купување деловен простор од 105 метри квадратни, наменет за простории во вредност од 157.000 евра, исклучително средства заштедени од членарината на пензионерите, со што се создаваат услови за сите функции и активности. За овој простор, кој е лоциран во населбата Гази Баба, обезбедена е целосна документација и имотен лист.



Активот на пензионерки при Здружението е формиран со одлука на Извршниот одбор во мај 2003 година. Покрај учеството на регионалните и републичките музички ревии и спортски натпревари, активот организира акции со хуманитарен карактер, предавања од разни области, излети, средби, екскурзии во земјата и во странство. Организира акции за посета на болни членови на Здружението и соработка со други активи на пензионерки и многу други манифестации.

Во домот за стари лица во населбата Автокоманда е сместено Здружението на пензионери Гази Баба во четири простории,



доволни за негова работа и активности, а има и клуб, така што овој дом е место каде што пензионерите секојдневно ги извршуваат своите обврски.

Здружението има воспоставено соработка со повеќе здруженија од градот и Републиката, а меѓународна соработка има со здруженијата на пензионери од Перник – Бугарија и од Врање – Србија. Заедничка дејност има и со локалната самоуправа со којашто има потпишано меморандум за меѓусебна соработка, помош и поддршка, и со некои невладини организации.

ЗП Гази Баба во Љубљана од 1 до 3 октомври 2019 година учествуваше со својот ансамбл на Меѓународниот фестивал „Трета животна доба", по повод Меѓународниот ден на старите лица, како претставник на СЗПМ.

Постојано кај членовите на Здружението се потенцира придобивката од спортувањето кај лицата од третата доба, а токму спортските натпревари на пензионерите се најмасовни активности. Многубројните постигања на тоа поле го искачија Здружението на пиедесталот како најуспешно. Во него активно работи КУД „Пензионер", формирано во мај 2003 година, во чиј склоп работи хорот кој на своите настапи, на сите манифестации, успешно го презентира богатото фолклорно творештво и традиција. Здружението за своите членови организира и екскурзии во земјата и странство. Неговото раководство отсекогаш



води непрекината грижа за стандардот, за здравјето на пензионерите, а со хуманитарната и неповратната парична помош придонесува за ублажување на нивната материјална состојба. Од друга страна се одржуваат и едукативни предавања на најразлични теми.



Четириесет и петгодишнината од постоењето на Здружението, во 2017 година, беше одбележана со објавување монографија под наслов „Поглед низ времето" во која се согледува временскиот развиток на Здружението и е документ за едно време.

**СЗПМ**

## Усогласување на пензиите според новата методологија

1. Со исплатата на септемвриската пензија, усогласувањето на сите пензии изнесува 6,8%. Вака зголемената пензија претставува основица за наредното усогласување на пензиите.

Усогласувањето на пензиите од 6,8% е утврдено на следниот начин:

Порастот на индексот на трошоци на животот за период јануари – јуни 2022 година во споредба со трошоците на животот во период јули – декември 2021 година, изнесува 6,9%, а 50% од тој пораст изнесува 3,5%. Порастот на просечните плати на сите вработени за истиот период изнесува 6,6%, а 50% од тој пораст изнесува 3,3%. Вкупното зголемување по двата основи изнесува 6,8%

2. Покрај усогласувањето на пензиите од 1-ви септември 2022 година, пензиите од 1-ви јануари 2022 година беа усогласени за 2,9%.

3. Вкупното зголемување на пензиите за 2022 година изнесува 9,7%.

СЗПМ

34. седница на Извршниот одбор на СЗПМ

# Усвоени антикризните мерки и информација за влијанието на најавените даночни реформи врз корисниците на пензија

На 31.8.2022 година се одржа 34-тата седница на Извршниот одбор на СЗПМ, на која покрај членовите присуствуваа: претседателот на Собранието на СЗПМ м-р Илија Адамоски, претседателот на Повремената комисија за издавачка дејност и творештво д-р Васил Тоциновски и претседателот на Правно-економскиот форум д-р Фиданчо Стоев, а седницата ја раководеше претседателката на Сојузот Станка Трајкова.

Според усвоениот дневен ред, претседателката Трајкова истакна дека материјалот за антикризни мерки за подобрување на животниот стандард на пензионерите е многу значаен за корисниците на пензија во услови на економска и енергетска криза, затоа Сојузот предлага пакет мерки да се дополни и истиот да се препрати до Министерството за труд и социјална политика.

Исто така, истакна таа дека пензискиот систем е поставен така да висината на пензијата зависи од остварената плата и вложените средства во пензискиот фонд, а линеарното зголемување на пензиите е некомпатибилно со македонскиот пензиски систем.

За промена на позитивната листа, или за субвенционирање во цената на лековите, Сојузот повеќе пати има доставено барање до Министерството за здравство, но сè уште не е постапено по барањето на Сојузот. Таа најави дека за овој проблем ќе биде поканет министерот за здравство на заеднички состанок на кој ќе бидат истакнати барањата на пензионерите.

Претседателката Трајкова по усвојувањето на антикризните мерки информираше и за други настани, и објасни дека за одржување на Републичките спортски натпревари добиена е донација од Комерцијална банка во износ од 61.000 денари. Направена е посета на ЗП Врање на масовна пензионерска средба. Организацијата на средбата е слична на нашите средби, но забележително беше дека беа присутни многу гости од локалната самоуправа. Исто така, информираше дека на 20 септември ќе се одржи прослава – Ден на пензионерите.

На седницата Информација за влијанието на најавените даночни реформи на материјалната и социјалната положба на корисниците на пензија детално и стручно ја објасни д-р Фиданчо Стоев, претседател на Правно-економскиот форум при СЗПМ, кој рече дека и Сојузот се приклучува во расправата за даночната реформа и дека Правно-економскиот форум го разгледал ова прашање и дал неколку предлози за даночната реформа. Беше заклучено дека Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија со посебно внимание ја следи новата најавена даночна реформа и предлозите на најавената даночна реформа, кои ги дал Правно-економскиот форум, беа усвоени од ИО на СЗПМ.

За одлуката за одобрување финансиски средства за авторите на избраните дела по огласот за поттикнување на издавачката дејност и издаваштвото кратко образложение даде претседателот на повремената комисија д-р Васил Тоциновски кој рече дека пристигнале многу квалитетни дела, а се избрани 17. Авторите на делата добиваат парични средства според Правилникот за поттикнување на издаваштвото и издавачката дејност.



Во дискусијата која следеше беше констатирано дека предлог-мерките се содржајни, но во нив треба да се даде фокус на ниските пензии и да се предвиди субвенционирање на огревното дрво, што беше едногласно усвоено.

Претседателката Трајкова за предлогот да се зголемат ниските пензии рече дека потребно е да се доделат еднократна парична помош на корисниците со ниски пензии, а во рамките на регулативата за усогласување на пензиите во одредени периоди да се предвиди и дегресивно усогласување на пензиите (поголем процент на пониските пензии).

Одлуката за доделување средства за прослава на 30 години јубилеј на ЗП Воени пензионери едногласно беше прифатена, како и одлуката за доделување средства на ЗП Пробиштип за одржување на пензионерска средба во Лесново. На седницата беше донесена одлука за определување времена комисија за одбележување на Денот на пензионерите во состав: Тодор Илиев, Васил Пачемски и Јован Мазгански.

К. С. А.

ЗП Куманово

# Отворен нов пензионерски клуб

На 29 август 2022 година огранокот „Бараки“ со кој раководи претседателот Слободан Миленковски, успеа со помош на раководството на ЗП Куманово да отвори пензионерски клуб. На свеченото отворање на клубот, претседателот на ЗП Куманово Благе Јакимовски срдечно ги поздрави присутните и изрази искрени желби за масовната посетеност на клубот и вистинското дружење од страна на пензионерите, кои клубот треба да го чувствуваат за свој втор дом, кој меѓу другото рече:



– Од здружението им беа дадени шах, табла, домино и уште некои предмети со кои пензионерите ќе се забавуваат и ќе ги минуваат пензионерските денови.

Со свое обраќање имаше и претседателот на огранокот „Бараки“ Слободан Миленковски. Тој се заблагодари на раководството на здружението за помошта овој клуб да ја види светлината на денот, како и за ветената понатамошна помош и соработка и додаде:

– Од посебно значење за овој клуб е што спаѓа во реон со мешано население. Се надеваме дека клубот уште повеќе ќе придонесе пензионерите од огранокот да ја почувствуваат мултиетничката средина како своја и да нема разлики и поделби. Потоа следеа песни кои ја брануваа душата.

Љиљана Тричковиќ

# Работна средба со претседатели на здруженија

На 22 септември 2022 година се одржа работна средба со претседателите на здруженијата на пензионерите од Берово, Пехчево, Куманово, Тетово, Кичево, Македонска Каменица, Делчево, Гевгелија, Гостивар и др.

Остварувањето на работните средби е во согласност со Програмата за работа на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија за 2022 година. Во програмата е предвидено одржување средби со претседателите на здруженијата на кои ќе се разгледуваат прашања од заеднички интерес за здруженијата и Сојузот, а исто така, како посебна обврска во програмата е и одржување на регионални средби во врска со изборите. Во 2022 година вакви средби се одржаа во Демир Капија и во Свети Николе и две со скопските здруженија. Тие се одржуваат со помал број претседатели од прагматични причини за да се постигне поголема ефикасност и да може активно да учествува секој претседател.





На темата усогласување на пензиите беше дадено информирање за најновото усогласување од 6,8% со кое се усогласени сите пензии. Посебно внимание се посвети на ниските пензии за што од Сојузот се доставени предлози за заштита на пензионерите со пониски пензии во рамките на антикризните мерки. Исто така, беше појаснето дека барање за линеарно усогласување на пензиите не е компатибилно со поставеноста на македонскиот пензиски систем каде што пензијата како индивидуално право зависи од висината на остварената плата и должината на пензискиот стаж. Линеарно усогласување на пензиите не се применува во ниедна од државите на нашето опкружување со кои имаме слични односно исти пензиски систем. Имено, во државното пензиско и инвалидско осигурување се остварува пензија по формула и секој осигуреник однапред ги знае условите под кои се определува висината на пензијата.

На работната средба од здруженијата беа дадени позитивни искуства во однос на функционирање на социјалните сервиси, а се третираше и прашањето за бањско лекување за што Сојузот ќе подготви согледување на ниво на сите здруженија и тој материјал ќе биде разгледан од органите на Сојузот.

Заслужува внимание да се споменат и проблемите за снабдување со огревно дрво на пензионерите, а и дадената информација од одделни здруженија (Берово и Ново Село) кои успеале со поднесени барања да плакаат домакинска, а не индустриска цена за електричната енергија што е во интерес на здруженијата. За таа цел Сојузот се обврза за оваа можност да ги извести сите здруженија на пензионери.

Посебна точка беа претстојните избори и притоа се разгледаа препораките од Собранието на Сојузот со напомнување да оствариме фер и демократски избори без политички влијанија.

СЗПМ

ЗП Валандово

# Активности во рамките на проектот „Социјална карта“

Во рамките на проектот „Социјална пензионерска карта“, деновиве во ЗП Валандово, престојуваа претседателката на СЗПМ Станка Трајкова и Јован Мазгански кој изврши инсталирање на програмата за внес на евидентните листови во компјутер, како и едукација за извршување на оваа операција.



Одлуката за воведување на социјална карта, ЗП Валандово ја доби во текот на 2019 година, а беше одложена поради епидемијата со вирусот ковид-19. Активностите за пополнување на евидентните листови на пензионерите се одвиваше полека во услови на карантин. Во огранoците се одвиваа малку побрзо поради малиот број пензионери, така што во некои населени места пополнетоста е 100%.

Вкупниот број евидентни листови кои активистите на ЗП Валандово успеаја да ги пополнат во изминатиот период изнесува околу 60%, што претставува своевиден успех имајќи ги предвид кризните моменти.

Во ЗП Валандово во наредниот период ќе има забрзано внесување на податоците за пензионерите, бидејќи ќе се располага со исклучително корисни податоци, најмногу за социјално-материјалната и здравствената состојба на пензионерите. Податоци кои ќе бидат користени најмногу при доделувањето на социјално-хуманитарната помош на пензионерите, помош околу остварување на здравствените услуги и слични потреби и барања на пензионерите.

Посетата беше искористена за да се разгледаат пензионерската зграда, во која се сместени клубот на пензионерите, како и пензионерските станови, која во целост беше реновирана во текот на 2021/22 година.

Горица Михајлова


НЛБ Сребрен пакет
Вашата пензија
секогаш навреме
НЛБ Сребрен пакет
• Visa Electron дебитна картичка
• ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
• Зегин - НЛБ Банка картичка
• Кредитни картички
• Трајни налози
• Сребрен кредит за пензионери
• Депозити за пензионери
Поволности
• Пензија на првиот работен ден во месецот
• Плаќање на рати без камата во Зегин со НЛБ - Зегин кобрендираната картичка
• 3% Cash back во Веро маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката
• Осигурителни поволности за пензионери во соработка со Сава осигурување АД Скопје
NLB Banka
www.nlb.mk
Контакт центар: 02 / 15-600


PROVEN PROBIOTICS
Cardiobiotic
PRO-VEN PROBIOTICS
Cardiobiotic
FRIENDLY LACTOBACILLUS BACTERIA WITH OLIVE LEAF EXTRACT PLUS VITAMIN B1 TO SUPPORT NORMAL HEART FUNCTION
30 Capsules
FOOD SUPPLEMENT
ZEGIN
ВАША СЕМЕЈНА АПТЕКА
една
30 КАПСУЛИ
на ден
Создаден специјално за одржување и зачувување на здравјето на срцето
Содржи 10 милијарди соеви на Lactobacillus plantarm (CUL66) и Lactobacillus reuteri (NCIMB30242) корисни бактерии
Содржи хидрокситирозол (од лист од маслинка)
Витамин Б1 значаен за одржувањето на нормалната функција на срцето

# Достојно одбележан 20. септември - Денот на пензионерите на Македонија

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија секоја година Денот на пензионерите 20 септември го одбележува на пригоден и достоинствен начин.

Така беше и оваа година.

На почетокот на овој значаен настан на присутните им се обрати претседа-



телката на Сојузот Станка Трајкова, која рече:

– Оваа година одбележувањето на овој важен датум за пензионерите, е во рамките на проектот на СЗПМ „2022



година на рурален пензионер", со кој Сојузот се фокусираше на грижата и помошта на пензионерите во руралните средини. Но, најнапред да се потсе-



тиме малку на минатото и кога е прогласен овој датум за Ден на пензионерите на Македонија.

Уште во далечната 1986 година, по повод 40 години од донесување на првиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување била одржана свечена седница на која било и првото поголемо јавно промовирање на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. На седницата бил поднесен реферат со декларирана Програма за начинот на дејствување на овој сојуз во општеството и какви ќе бидат неговите самостојни активности. На крајот од работниот дел на свечената седница едногласно било усвоено:

- Секоја година на 20 септември да биде одбележувана годишнината на формирањето на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, со пригодни средби, реферати и разни културни и спортски приредби; и
- На секои 10 години да има позначајно одбележување на животот и работата на Сојузот и друго.

Така, 20 септември бил запишан во начелните одредби на Статутот на СЗПМ во членот 9, како Ден на пензионерите на Македонија, и овој датум се одбележува секоја година во Сојузот и во здруженијата на пензионерите, негови членки, со пригодни прослави и промоција на успесите и проектите на Сојузот и здруженијата во таа година.

Во знакот на ова одбележување се одржуваат традиционално веќе 26 години Републичките спортски пензионерски натпревари кои покрај фолклорните ревии на песни, музика и игри, се едни од најмасовните пензионерски активности. Во оваа прилика не може да се изостават а да не бидат набројани и големиот број иницијативи, предлози и барања кои Сојузот континуирано ги подигнува со цел животот на над 320 000 пензионери да биде поквалитетен и посодржаен, со збогатување на нивните права и зголемување на нивните пензии.

Денес на најактивните здруженија на пензионери, членки на Сојузот, кои поселите најголем број сами и болни пензионери во нивните рурални опкружувања ќе им бидат врачени признанија. Признанија за баквите нивни активности за 2022 година, добија здруженијата: Гевгелија, Валандово, Штип, Кратово и Сарај. Не помалку активни беа и други здруженија, но некои од нив веќе биле прогласени за голем број хуманитарни активности, некои ќе бидат пофалени во наредните години во овој или во некој друг проект, а такви проекти има и ќе има и во иднина. Нека ни е честит на сите денот и да го прославуваме и одбележуваме уште многу години со уште поголеми резултати и постигања.

По обраќањето, претседателката на Сојузот, Станка Трајкова, им врачи признанија на најактивните пет здруженија. Признанијата ги примија Велин Стојменов, претседател на ЗП Гевгелија, Горица Михајловска, претседателка на ЗП Валандово, Ристе Нетков, претседател на ЗП Штип, Страшко Трајковски, претседател на ЗП Кратово и Махир Дураку, претседател на ЗП Сарај.

Овој скромен свечен собир со свои песни со хуманитарна содржина ја збогатија: Наталија Наумовска, Јанка Узунова и Јован Мазгански. **К.С.А.**



## Хумананост е....

Хуманост е да му помогнеш на бедниот
да му дадеш храна на беспомошниот
и чаша вода на жедниот
да му пружиш рака на осамениот
да го охрабриш обесхрабрениот
да му дадеш надеж на разочараниот.
Хуманоста не се кажува
таа од душа се покажува и докажува.
Затоа биди хуман биди човек со душа
што знае заборавениот да го ислуша.
Подај рака израдувај некој за миг
за да го насмееш неговиот лик
кажи му некој добар збор
кога минеш покрај неговиот двор
и ако тој солза од мака пролее
кажи му дека заборавен не е.
Ако пак на улица сретнеш
човек со натежнати години
кој без збор милост бара
подај му рака
сигурно има некоја мака.
Без разлика на вера и нација
давај, помагај, сакај
и хумани пораки праќај.

## Мајка стара

Тешко е кога мајката ручек спрема
а никој не иде, никој нема
тогаш кој може да сфати
колку нејзината душа пати.

Мајко стара, со длабоки бори
немој душата да ти гори
децата ти отидоа во свет
и животот ти стана клет.

Сега можеш само да ги слушнеш
а не и вистински да ги гушнеш
и тогаш те обзема топол бран
зашто ги гушкаш само на екран.

Нека се живи и здрави мајко
ќе дојде ден ќе се вратат пак
и тогаш од твоите очи тажни
ќе исчезне сиот мрак.

Биди горда и силна мајка
на твоите чеда вредни
времињата тука станаа бедни
сега други се горди со нив
а за судбината кој ни е крив.

**Јанка Узунова**

## Достојно стареење

Не обвинувај го огледалото
Не срами се од браздите што длабат
По нив спомени се кумулирани
Животни искуства складирани.

Не вознемирувај се
ако од мисла, нечие име ти побегне
Биди стрплив, чекај да се врати
– да те потсети
Оти времено побегнало
Во замастена вијуга, залутало.

Биди достоен
Прифати ги новините
Но, не заборавај ги старините
Од твоите дедовци пренесени.
Воскитувај се на патините, созреани
На љубовта и трудот во нив оставени.

Не жали, за пропуштеното
Користи го времето – скудното
Прошетај ги парковите
Прераскажи ги спомените
Заборави ги навредите
Прочитај, го непрочитаното
Оцени го, во нив кажаното
Па сѐ, остави на внучиња
За спомен, од твоите времиња.

## Биланс на животот

Ноќеска со сеќавањата дружев
По сиви клетки „испишани"
По бразди, грижливо спакувани
По периоди и предели подредени.
Многу од нив – добро сочувани
Но и такви – значајно избледени

Ноќеска на стотици соговорници се сетив
Десетици завидливци препознав
На илјадници дружби, пак се радував
Десетици таги, пак оплакував

Ноќеска утврдив
Оти многу некогашни ми драги
За секогаш заминале
Останатите лик и стас измениле
За нивните грешки
Чесни покајанија учиниле.

Ноќеска, карактери и постапки анализирав
Ретки се оние што не им простив
На многумина повторно заблагодарив
На заминатите претци им благословив.

Со некогашните, но и постојните
Ноќеска мисловно дружев
На моменти бев радосен
Понекаде тажен, некаде омаловажен
Но најчесто – почитуван.

Ноќеска, со сеќавања дружев
Спомени обновував
На минатиот ми живот биланс правев
Да не биде краен – посакав.

**Јован Мазгански**

## Еден ден

Еден ден ако се разбудам
ќе ги бакнам
твоите прозорци на иднината
таму скришум ќе нурнам
за да почувствувам
дали светат ѕвездите
што паднаа во потокот
и запливаа во надеж
дека светлина ќе има
ако се разбудам
Еден ден
Ќе ги гушнам цвеќињата
никогаш да не свенат
ќе ја залеам љубовта
со облачни солзи
вечно да трае
Ќе ги соберам буквите
од збор ови китка
да направам.
Да го закитам светот
кој заталка во беспаќе.
Еден ден
Ако се разбудам
Вие ќе бидете приказна
За мојата сказна
Со среќен крај.
Не ми го расипувајте сонот
Пуштете го јаве да се стори.
Таму сите ќе се радуваме
Таму живототза радост ќе збори.

## Животе

Немам зборови
да те опишам животе
Те потпрашав
Истекуваш во брзак
на бистар поток
А, зошто те оплакувам
кога ти само живот си,
Брзо чекориш некаде
Брзаш, а јас би уште
Да ги милувам
пролетните утра,
летните жешки ноќи
жолтите есенски насмевки
и бели кристални насмевки
Ти даруваш животе,
Колку можев, колку имав,
сега сфатив, па се ти дарив,
за возврат малку добив.
Но, такви се патиштата Божји
по кои чекориме,
Јас и натаму сакам
да ги галам полските
цвеќиња,
да трчам по животно поле
да се смеам на изгрејсонцето
дарови да ми бидат твои,
Животе,
Помогни ми да ги бакнам
височините,
да ги гушнам маглите
да ги соберам ѕвездите
во мојата градина
тука да го соберам светот,
да го разбудам цветот во нас.

**Наталија Наумовска**

ЗП Штип

# Пренамена на средствата за прослава на Денот на пензионерите

Поради паднатиот стандард пензионерите во Штип стравуваат како ќе ја поминат зимата со прескап огрев, а зимницата стана недостапна за нивните мали пензии. Заради тоа раководството на ЗП Штип, реши средствата наменети за прослава на Денот на пензионерите 20.09.2022 година да бидат пренаменети за ранливите категории пензионери.

– Поради економската состојба Здружението ги намали екскурзиите на пензионерите, а средствата за дружење на пензионерите по повод Денот на пензионери на Македонија ги пренамени за најстарите, немоќни и сами пензионери за плаќање на дел од сумата за електрична енергија и тоа, за една сметка 1000, а за две сметки до 2000 денари. За да добијат помош пензионерите треба да ги обезбедат следните документи: Документ за докажување дека се пензионери од ЗП Штип: доказ дека досега не примиле помош и доказ дека живеат сами и дека сметките се на нивно име.

– Пријавувањето е започнато, а за валидноста на документите ќе се формира комисија. Исто така волонтерки од клубовите ќе одат во посета на домовите на пријавените за да ја утврдат фактичката состојба. Инаку примањата на пензионерите во најголем број се до 12.000 денари. Здружението по различни основи има поделено хуманитарна помош на голем број загрозени пензионери. Поради енергетската криза да се штеди на електрична енергија, а другите трошоци да се сведат на минимум. Благодарниците на заслужните активисти ќе се доделат во некоја друга прилика, – ни изјави претседателот на ЗП Штип, Ристо Нетков. **Цвета Спасикова**

ЗП Свети Николе

# Одбележување на 20-ти септември

Здружението на пензионери Свети Николе Денот на пензионери 20–ти септември го одбележаа со Свечената седница, во Клубот на пензионерите. На седницата покрај делегатите на Собранието, членовите на ИО, на НО, претседатели на граноците, на Активот на жени, на комисиите, беа присутни и многу други пензионери. Претседателот Никола Атанасов на присутните им го честиташе празникот, им посака добро здравје и долг живот и присутните ги запозна со активностите и успесите на здружението истакнувајќи дека доста парични средства се вложени за уредување и санирање на зградата на пензионери. Обновена е фасада, реновирани сите простории внатре во зградата, сменети се вратите и прозорците, направена е натстрешница, каде околу 50 пензионери можат преку лето да ги извршуваат своите акти-



вности и ги наброја идните активности. Тамбурашкиот оркестар „Пензионер" и пејачката група исполнија неколку изворни и старогрдски песни, и со прекрасна изведба ја увелича прославата. Свој придонес на значењето и на одбележувањето на Денот на пензионерите даде и пензионерката од ЗП Свети Николе, Вукица Петрушева со одржување на изложба на свои слики и промоција на нејзината книга. **П.В.**

ПЕНЗИОНЕР плус

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година XV – број 170
септември 2022 година

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**

**Станка Трајкова** (претседател)
м–р Илија Адамоски
Ментор Коку
Менка Темелковска
д–р Веле Алексоски
Славко Трајкоски
Спирко Николовски ОВР
Гидо Бојчевски
Славко Марковски

**Редакциски одбор:**
**Калина Сливовска - Андонова**
главен и одговорен уредник;
**Васил Пачемски**
уредник
**Членови:**
Баки Бакиу,
Верица Тоциновска,
Кирил Ристески
Фруска Костадинова
Јасмина Тодоровска
Лилјана Младеновска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ Бул. „Кочо Рацин"
бр. 14 – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **vesnik@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
Томе Ангеловски

**Печати:**
Печатница Серафимовски – Скопје

**Дистрибуција:** „Нова Македонија"

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

# Мислење од СЗПМ за новите даночни реформи

Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија со посебно внимание ја следи новата најавена даночна реформа. Заради значењето на оваа реформа, Извршниот одбор на Сојузот одржа седница на 31 август 2022 година, на која предмет на разгледување беа предлозите на најавената даночна реформа, донесени од Правно–економскиот форум на Извршниот одбор на Сојузот.

Врз основа на расправата по најавените промени на даночната политика Извршниот одбор на Сојузот ги донесе следните предлози и мислења по најавените даночни реформи и тоа:

1. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија има разбирање од потребата за обезбедување неопходни приходи за очекуваните буџетски расходи во државата. Меѓутоа, смета дека во спроведувањето на даночната реформа неопходно е да се имаат предвид дадените забелешки од експертите со цел да се задоволат потребите на државата и обврските на обврзниците. Во услови на преклопена криза неопходно е да се врши рационално и економично трошење на буџетските средства со скратување на несуштинските расходи (прослави, јавни набавки).

2. Во услови на економска, социјална и енергетска криза во државата, посебно нестабилноста и скокот на цените и зголемената инфлација, да се преоцени спроведувањето на даночната реформа, со која ќе се интервенира во укинување на даночните олеснувања и повластици, кои се оправдани за најзагрозените даночни обврзници и активности, имајќи ги предвид ниските лични доходи и пензии глобално во државата.

3. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија се залага за спречување на сивата економија, но смета дека треба селективно да се внимава на социјалната положба на корисниците на пензија, бидејќи сивата економија на голем број пензионери со ниски пензиски примања претставува дополнителен извор на приходи.

4. Да се реафирмира односно воведе прогресивен данок со што повеќе ќе бидат оптоварени побогатите даночни обврзници, а посиромашните и средните даночни обврзници помалку да го понесат товарот.

5. Селективно да се оданочува хонорарната работа и договор на дело кои се дополнителен извор на социјалната категорија граѓани, вклучувајќи ги и пензионерите.

6. Да се ослободат здруженијата на пензионерите од плаќање данок од личен доход за парични и друг вид материјална помош на пензионерите, (социјални пакети, ваучери), за претрпени штети од елементарни непогоди, за партиципација во набавка на огревно дрво и помош за здравствени потреби, за што се издвоени средства од членарината од пензионерите која веќе еднаш е оданочена.

**д-р Фиданчо Стоев**

ЗП Куманово

# Претседателката Трајкова на средба со членовите на Извршниот одбор

На 30.8.2022 година, Извршниот одбор на ЗП Куманово оствари средба со претседателката на СЗПМ Станка Трајкова. На состанокот стана збор за она за што пензионерите се најмногу засегнати, усогласување на пензиите. Претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, имаше опширно излагање, со што го информираше на најдобар можен начин Извршниот одбор, при што, со посебно внимание беше ислушана и се сложија во целост со нејзиното излагање.



– Во нашиот пензиски систем пензијата зависи од индивидуално вложениот придонес во пензискиот фонд и тој се следи и преку процентуалното усогласување на пензиите. На пензионерите треба да им се помогне и со мерки надвор од пензискиот систем. Сојузот често ги повторува и се бори за барањата за: Ослободување од партиципација на пензионерите во користење на здравствената заштита, субвенционирање на цената за сместување во приватните пензионерски домови, нова позитивна листа на лекови кои ќе се на товар на фондот за здравство, изградба на државни старски домови, амбуланти само за пензионерите за протетички услуги, олеснување при набавка на ортопедски помагала и многу други потреби на пензионерите. Раководството на ЗП Куманово кое беше во комплетен состав присутен на состанокот и членовите на Извршниот одбор се заблагодарија на исцрпното излагање на Претседателката на СЗПМ Станка Трајкова а таа беше задоволна од убавата и содржајна дискусија на членовите на Извршниот одбор.

**Љиљана Тричковиќ**

ЗП Кратово

# Посета на изнемоштени пензионери од руралните средини

Претседателот на активот на пензионерки при Здружението на пензионери на Општина Кратово со двајца членови Благој Цветановски и Методи Мишевски, во месец август, посетија стари изнемоштени пензионери од руралните средини и им подарија скромни пакети со прехранбени и хигиенски производи. Беа во посета на:

Стојка Арсова с. Нежилово, која е со тешки последици од мозочен удар. Таа со голема радост не покани да седнеме за да се одмориме и да помуабетиме со неа и рече:

– Многу сум среќна што дојдовте да ме посетите и да видите каде живеам на село во мојата скромна куќа со мојот маж кој ми помага. – Нејзиниот маж Стефан не послужи со чаша сок и наполитанки. Се заблагодари што имало некој да мисли на инвалидите кои по цел ден седат на едно место во својот дом. Кога си заминавме не испрати со зборовите: „Ми беше големо задоволство што не посетивте и ве поканувам во иднина кога можете пак да дојдете".

Мите Стаменовски од с. Железница, е млад пензионер кој имаше тешка операција на срце и кој сега е повеќе во кревет бидејќи тешко се движи, тешко зборува, а за него се грижи сопругата која е со нарушено здравје. Кога влеговме во нивниот скромен дом, на Мите во очите му се гледаше големата радост. Сопругата го прими пакетот и ни се заблагодари за посетата и со солзи во очите не испрати и ни посака повторно да ги посетиме. На Мите му посакавме подобрување и оздравување.

Стојанка Џонева од с. Тополовик, живее сама како инвалид во село оддалечено 10 километри од градот и користи помогала. За нејзе се грижи постара жена комшика. Кога не виде и се насолзија очите и не покани да влеземе внатре да не почести со кафе или сок. Нејзиното тажно лице за миг се трансформираше во среќна насмевка од помошта што и ја дадовме, иако скромна, но беше уште посреќна што ја посетивме за што ни се заблагодари велејќи: „Имало господ и луѓе кои мислат за пензионерите коишто живеат сами". Не испрати со гушкање и со солзи радосници.

**Верка Алексова**

ЗП Македонски Брод

# Убав настан



Иво ова време–невреме, на 16 август 2022 година, во бифето „Кардинал", одржаа пријатна средба дел од љубителите на убавиот македонски пишан збор од Општина Македонски Брод. Различни генерации, меѓу кои пензионерки и пензионери, во релаксиран амбиент, учествуваа во размена на книги и книжевни муабети. Учесниците имаа можност подобро меѓу себе да се запознаат. На средбата се читаа рецензии за објавени книги на присутните автори и се рецитираа стихови.

Средбата, која траеше над два часа, умешно ја водеше младиот и надежен автор Бојан Бежоски, истата заврши со убави македонски народни песни, кои ги прифатија сите присутни на овој преубав настан.

**Милчо Тренкоски**

ЗП Демир Капија

# Распеано Повардарје

На 11 август 2022 година Здружението на пензионери од Демир Капија организира регионална ревија на песни и музика на здруженијата на пензионери од Повардарскиот регион.

На манифестацијата учество зедоа пејачките групи од ЗП Велес, ЗП Кавадарци, ЗП Неготино, ЗП Валандово, ЗП Демир Капија, ЗП Гевгелија, ЗП Богданци и ЗП Дојран.

Учесниците на манифестацијата ги поздравија претседателот на здружението на пензионери од Демир Капија Благоја Кавазовски, градоначалникот на Општина Демир Капија Лазар Петров, а пригодна поздравна реч одржа претседателката на СЗПМ Станка Трајкова.

По одржаниот ревијален дел гостите и домаќините, средбата ја продолжија со заедничко дружење во Вила Марија.

**П. П.**





ЗП Чаир

# Еднодневна екскурзија за спортистите и хористите

Традицијата на организирани екскурзии и посета на значајни места во нашата земја и надвор од неа, Здружението на пензионери Чаир, ја продолжи и оваа година. Така беше



изведена еднодневна екскурзија со мешан национален состав за педесетина членови на спортските екипи и хористи кои беа учесници на Републичката ревија на песни, музика и игри на кои достојно го претставија здружението со една македонска и албанска песна.

На 7 септември 2022 година наутро, пензионерите од ЗП Чаир со еден автобус тргнаа кон туристичкиот локалитет Смрдлива Вода, оддалечен околу дваесетина километри од Гевгелија, на надморска височина од 712 метри. Убавиот сончев ден навестуваше пријатно патување, кое со музика, песна и досетки стана уште поинтересно. Првата попатна пауза ја направија кај Неготино. Низ Гевгелија поминаа без задржување и се упатија кон Смрдлива Вода. Локалитетот Смрдлива Вода претставува интересна воздушна бања која често е посетувана од пензионерите. Распослан е во мал кањон на најисточниот дел од Кожувскиот масив, меѓу две планински рекички Црешa и Сливка, коишто се соединуваат на влезот на овој простор во Коњска Река. Тука пензионерите неколку часа уживаа во убавината што природата во раскош ја растурила, а некои ја посетија црквата Св. Илија која се наоѓа во средишниот дел на локалитетот и е изградена на карпа. Локалитетот е познат по минералната вода со непријатен мирис, по што и го добил името, а минералната вода на далеку е прочуена по својата лековитост. Овој живописен предел е вистинска ботаничка градина богата со зимзелени шуми, медитерански растенија, но и ендемичниот вид дрво „гол човек".

Екскурзијантите потоа се упатија кон Гевгелија каде имаа доволно време да го разгледаат градот.

Убавите предели, бескрајната тишина која ја нарушува само жуборењето на реката ги воодушеви пензионерите, но сето тоа не може да се опише, треба само да се доживее. Незаборавната дружба полна со позитивни впечатоци, долго ќе се памети.

**Васил Пачемски**

ЗП Кавадарци

# Активот на пензионерките, активен и на Тиквешкиот гроздобер

Активот на жени пензионерки при ЗП Кавадарци и на Тиквешкиот гроздобер, ја потврдија соработката со Локалната самоуправа и Градоначалникот Митко Јанчев. Имено на Стопанско–туристичката манифестација „Тиквешки гроздобер", традиционална манифестација во градот на грозјето и виното Кавадарци, тие реализираа уште еден проект – подготовка на традиционална тиквешка храна. Подготвените специјалитети изработени од вредните раце на пензионерките, беа изложени на градскиот плоштад во предвечерието на првиот гроздоберски ден. Храната можеше да се дегустира бесплатно од страна на посетителите. Тие имаа можност да вкусат многу, пред сè, традиционални тиквешки јадења. Беа застапени повеќе видови зелници со разни филови, погачи, сарми од лозов лист, проја, стара баклава, стари гурабии, пиварки, а на трпезата се најдоа и кавадаречките уникатни ѓевречиња кои посебно беа интересни за гостите на гроздоберот. Претседателката на активот, Донка Гурева, и самата учесник и носител на проектот видно возбудена од постигнатиот ефект и интересот од страна на присутните, да се проба од сè по нешто, нè запозна и со нивното учество на слични манифестации, организирани од



здруженијата на пензионери од нашата земја. Во секој случај потег за поздравување, со што се негува нашата кулинарска традиција, наследена пред сè од нашите баби, а сега пак ние пензионерки како баби им ја пренесуваме на нашите внуци.

„На здравје и среќно до година", порачаа пензионерките членови на активот на жени пензионерки при ЗП Кавадарци.

**Лилјана Илиева**

ЗП Битола

# Даница Петличкова повторно избрана, препознаени активности и компетентност



**● Почитувана претседателке Петличкова, вие минатиот месец бевте избрана по вторпат за претседателка на најголемото и најстарото по формирање пензионерско здружение, членка на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, кое брои над 19 000 членови од три општини: Битола, Могила и Новаци. На што се должи вашиот повторен избор за прв човек на ова најмногубројно здружение?**

– Голема чест и задоволство ми претставува да бидам на чело на најголемото и најстарото по формирање здружение во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Во претходниот мандат се трудев здружението да работи според Статутот на здружението, Статутот на Сојузот и Законот за здруженија и фондации, законито, транспарентно и во интерес на пензионерите. Морам да споменам дека во изминатиот период бевме соочени со пандемијата од ковид 19, со економската криза која ја зафати нашата земја и пошироко целиот свет. Како пензионери се наоѓавме во најризичната категорија граѓани затоа многу активности беа одложени, односно редуцирани, но сосема не изостанаа. Најважно, беше да бидеме одговорни, да се чуваме себеси и сите околу нас и да си помагаме едни на други. Солидарноста и заемноста се покажаа во овие две години, а во фокусот беа главно хуманитарните активности за справување со кризата.

Тоа беше препознаено од пензионерите во нашите три општини. Имено, на 22.7.2022 година согласно со Статутот на Здружението и Законот за здруженија и фондации, изборите ги распиша претседателот на собранието на ЗП – Битола. Изборите по месните ограноци се одржаа на 25.7.2022 година на собирите во месните ограноци каде што се избираа претставници за Собранието и петочлен одбор заедно со претседател на огранокот.

Со уредно доставен дневен ред и материјали седницата на Собранието беше закажана на 3.8.2002 година. Но, не се одржа поради упад на толпа од околу 150 пензионери кои ја узурпираа салата за состаноци во Здружението и бараа нови избори. По вторпат седницата беше закажана за 8.8.2022 година, со 49 избрани претставници на Собранието. Овој пат седницата се одржа и беа избрани органите и телата во согласност со Статутот на ЗП Битола. На седницата бев едногласно избрана јас, Даница Петличкова, за претседател на Здружението на пензионери и на Извршниот одбор, за претседател



на Собранието исто така едногласно беше избран Крсте Белевски и за негов заменик Вера Горшевска. Избран беше и Надзорен одбор и комисија за Статут и правни прашања. По изборот јас се заблагодарив на довербата и ветив дека во следниот четиригодишен мандат заедно со нив ќе продолжам да работам во согласност со Програмата за работа и Финансискиот план во наредните години во интерес и доброто на пензионерите од нашето здружение.

**● Покрај што сте активна во вашето здружение, вие дејствувате и во органите на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, каде што давате своевидна помош со свои предлози и мислења. Што ве мотивира да бидете така активна?**

– Пред сè тоа се должи на мојот карактер, образование и воспитание, како и на моето искуство стекнато за време на работниот век. Секогаш ми правело задоволство да ми биде исполнет денот со убави содржини. Така било, а така ќе биде и во иднина.

**● Вие сте една од ретките жени претседател на здружение на пензионери. Застапени ли се доволно жените во органите на вашето здружение?**

– Кај нас мислам дека се застапени, но секогаш може и треба да ги има повеќе, бидејќи тие се познати по својата снаодливост и домаќинско работење. Како поминуваат годините новите генерации на жени се сè пообразовани и покомпетентни за она што го работат и затоа треба да бидат застапени во сите сфери на општественото живеење.

**Калина С. Андонова**

# Убавината ќе го спаси светот

Очигледно има потреба светот да се спасува. Достоевски кој го сметаат за апостол меѓу писателите, го кажа својот збор. Тој само го искристализира во една реченица она што го говорат мудрите луѓе низ вековите. Она што е напишано на многу страни и она што треба да го има во срцата на луѓето – убавината, односно љубовта.

Несовршеното совршенство е спротиставеност која може да поттикне на многу желба за развој и остварување на своите сништа. Потребата за разубавување е потреба за ољубовување. Синтеза и анализа во секојдневниот живот. Тоа не е посматрање низ розови очила и неспремност за суровоста на животот, не. Постојат и убави места, места на кои одмораме, на кои се напојуваме и на кои идеализираме со цел да постигнеме нешто поубаво. Затоа всушност се бориме за убавината. Затоа бараме осмислување. Лошо е да се нема смисла. А нашава планета како да сака да потоне токму во тоа.

Децата си ги најдоа старите ранци, ги исполнија со нови книги и моливи. Рутината повторно ќе зафати голем дел од нашето живеење. Затоа во секојдневната рутина мора да имаме катче кое е необременето со секојдневните проблеми и барања.

Не е убаво кога сонцето ќе те изгори. Треба да знаеш правилно да се изложуваш под неговите зраци. Но, мене ми се случи пред некоја година горење од сонце и беше непријатно. А знаев дека не треба да излегувам подолго време на врело сонце. Но, ете... Мудроста да знаеш како да го користиш сонцето да ти биде пријател, е мудрост која може да се примени за сè во животот. Дали учевме да ги правиме нештата во животот, наши пријатели?

Постојат и убави места на кои одмораме. Но, тоа не се само плажите, нели?! Тоа не се само патувањата во убава природа, посета на ресторани и кафулиња. Многумина отидоа на прекрасни места годинава, знам, оти следам на социјалните мрежи. Тоа е навистина убаво, како многумина од нас, знаат да ја изберат најубавата плажа и најегзотичното место за да го посетат. А имав еден познаник на социјалните мрежи, кој никогаш не посетил море. Беше обичен селанец, кој нема приходи за на море. Како и да е, мораме да ја видиме убавината, бидејќи тоа не храни како луѓе.

Овие месеци пензионерите се привилегирани да уживаат во прекрасните зраци на есенското сонце, кое сигурно нема да ги изгори. Доаѓајќи на работа, забележав една пензионерка како веќе, стои над ќумбето и ја меша зимницата. Сè стивна откога децата појдоа на училиште. Пензионерите се оставени на слободата на убавините на есента. Имаат можност да го најдат своето катче за одмор, онаму каде што нема да беснее некоја бура.

Во моментите во кои сакате да ја доживеете убавината, направете една пита со јаболка и уживајте во разговорот со ближните. Оти треба да научиме дека животот е војна, која се води во срцето на човекот, а се борат доброто и злото.

Прочитајте ги максимите на Делфиското пророчиште, кои се над 100 на број, препрочитајте ја „Браќа Карамазови“ и размислувајте што е семејството, што е љубовта, што е убавината. Кафето или чајот или водата испијте ги со убаво севиран сладолед. Живејте ја уметноста на малите чекори. Есента ни ја дава таа можност.

**Маја Белева**

# Зимата е на прагот но...

За неполн месец ќе започне грејната сезона, а пензионерите во Пробиштипско се прашуваат со што ќе ги затоплуваат своите домови, како ќе ја презимат зимата? Греењето на струја стана прескапо за пензионерскиот стандард, а дрвата беа и остануваат најприфатлива алтернатива, но и тука се јавија проблеми. Променливата цена што ја диктираат Национални шуми од една страна и слабиот дотур на дрва до подружниците, го намалија снабдувањето на пензионерите со огревно дрво.

На оваа тема разговаравме со секретарот на здружението во Пробиштип Ангел – Ане Коцев кој ја води евиденцијата на запишани членови за претстојната 2022/2023 грејна сезона. Тој рече дека оваа година преку здружението на старосни и семејни пензионери биле запишани 2.800 метри кубни дрва но, досега се снабдени само 1.800 метри, што значи нешто повеќе од 60% од потребите. Инаку што се однесува до здружението, тоа води голема грижа за своите членови, им овозможува потребните средства за дрва да ги исплаќаат на две или три рати, што навистина е голема поволност за пензионерите.

Раководството на Здружение на пензионери од Свети Николе оваа 2022 година и покрај многубројните тешкотии, со многу ангажирање, труд и работа успеа за 620 членови да обезбеди огревно дрво и тоа до крајот на месецот септември. Оваа година Здружението има нарачано 3.500 метри дрва. Цената на дрва за неколку месеци два пати се менуваше, така што дабовото од 3.200 денари достигна цена од 4.000 денари по метар кубен, а буковото од 3.100 денари достигна цена од 3.900 денари. Сите пензионери кои преку Здружението се снабдуваат со дрва, се незадоволни и се чувствуваат измамени. За ова, многумина од нив го окривуваат раководството на здружението, но на крајот сфаќаат кој е вистинскиот виновник. На тие што го раскинаа договорот, заради повисоката цена од договорената, им се вратени парите од уплатените рати. Со добавувачот на дрва, ЗП Свети Николе има долгогодишна успешна соработка, при што тој се обврза со последната цена да нема повеќе покачување, и по неа ќе бидат испорачани сите договорени количини во предвидениот рок до крајот на септември. Ова значи дека светиниколските пензионери кои со огревното дрво се снабдуваат преку Здружението спокојно ќе ја дочекаат зимата, за што му се благодарни на раководството за неговиот напор да имаат топли домови во ладните зимски денови.

На прагот од грејната сезона пензионерите од ЗП Кичево сè уште не ги добиле дрвата. Од претпријатието кое стопанисува со шумите во Кичево „Лопушник“ им било речено дека од технички причини не се во можност да ги снабдат пензионерите, но се надеваат дека ќе вложат напори да постигнат барем до 10 октомври кога и започнува сезоната со греење. Во дискусијата членовите на ИО реагираа на одлуката на Национални шуми на Македонија за зголемувањето на цената на огревното дрво за 20 проценти, која цена е превисока за пензионерите.

**ЉР. М.З. В.П.**

ЗП Свети Николе

# Успешно работење со повеќе активности

На 29–ти јули 2022 година Извршниот одбор на ЗП Свети Николе одржа седница на која присуствуваа сите членови на Извршниот одбор, делегатот при СЗПМ Светолик Николов и секретарот Трајче Сандев.

На седницата покрај извештајот за финансиско–материјалното работење на здружението на дневниот ред беа поставени и други значајни прашања од интерес на пензионерите.

Воведно излагање за финансиското и материјалното работење имаше претседателот Никола Атанасов, кој детално ги образложи резултатите очекувани од работењето, како во приходите така и во расходите. Вкупните приходи се остварени во износ од 835.695 денари или 64,98%. Расходите вкупно изнесуваат 517.272 денари или 61,91%. По дискусијата на членовите на ИО и одредени образложенија, Извршниот одбор ги прифати.

– За учество на нашето Здружение на спортските и културните настани се подготвени детални извештаи. Спортистите учествуваа на Меѓуопштински спортски игри, одржани во Пробиштип и Кратово, а пријателските спортски игри се одржани во ЗП Илинден. Учествувавме и на Регионалните спортски натпревари, но не се пласиравме за Републичките. Нашиот тамбурашки оркестар „Пензионер“ и пејачката група успешно настапија на Регионалната ревија на песни, музика и игри во Радовиш. Бевме успешни и на средби на музички групи во Пехчево и Делчево. Активно учествувавме на традиционалните манифестации: Блакцето на баба и на хуманитарната средба Зелникот на баба во Пробиштип и во Македонска Каменица. Нашите пензионери во овој период се прошетаа до Тетово и Дојран, – изјави претседателот Атанасов.

На седницата беше донесена и Одлука за доделување на парична помош на 60 пензионери со ниски примања и тоа: во Свети Николе на 36, во селата Ерџелија, Мустафино, Амзабегово, Пеширово 10, Црнилиште 4, Горобинци, Преот и Сопот 10 пензионери. За успешно да се спроведе оваа акција ќе се формира комисија од 5 члена, претседателите на ограноците и претставник од Активот на пензионерки. Доделувањето на парична помош ќе се реализира по повод 20–ти септември, Денот



на пензионерите.

Во рамките на проектот на СЗПМ „2022 година на рурален пензионер“ се вклучи и здружението на пензионери од Свети Николе, преземајќи повеќе активности меѓу кои и посети на сиромашните семејства, болни пензионери кои живеат во руралните средини. Беа посетени селата Горобинци и Ерџелија. Наскоро ќе бидат посетени пензионерите во селата Преот и Сопот.

**В. Петрушева**

ЗП Кичево

# Деветмесечна извештајна седница на Извршниот одбор

Деновиве во просториите на клубот на пензионери при ЗП Кичево се одржа редовна седница на која според дневниот ред беше направен пресек на деветмесечното работење на здружението. Седницата ја отвори претседателот Душан Ристоски, кој ги запозна присутните со работата на ИО за деветте месеци. Тој најнапред се осврна на горливото прашање за пензионерите, а тоа е снабдувањето со огревно дрво во оваа година. Извршниот одбор беше запознат со успешно спроведените регионални средби во песни, музика и игри кои се одржаа на 6.05.2022 година во Охрид, за кои добиле пофалби, а на спортските натпреварувања што се одржаа на 19.06.2022 година во Дебар, ЗП Кичево освоило три први места, со кои здружението учествуваше на Републичката спортска олимпијада во Охрид.

Членовите на ИО беа информирани и за учеството на пензионерите од Кичево на заедничкото дружење во Чашка по повод верскиот празник Голема Богородица на 28 август. Исто така кичевските пензионери го посетија градот на виното Кавадарци по повод гроздоберот на 7 септември 2022 година.

На седницата ИО донесе одлука за помош на дете од пензионерка за лекување во странство во износ од 10.000 денари, како и да продолжи помагањето на пензионери со ниски пензии до крајот на годината.

**А. Ристоска**

Интервју со градоначалникот на Кочани Љупчо Папазов

# Соработката со пензионерите е на доста високо ниво, но може да биде и подобра



**● Најнанапред голема благодарност за Вашата почит кон највозрасните жители во Вашата општина што го покажувате со Вашиот однос кон нивните активности. Ве молам запознајте ги сегашните и идните пензионери со Вашите идни планови во врска со оваа популација.**

– Координацијата, присуство на годишните собранија и состаноците на Здружението на пензионери Кочани се моја долгорочна определба. Моето неодамнешно присутвото на собирот организиран од Здружението на пензионери од Кочани во месноста Поникваа на 13 август 2022 година на кој беа присутни пензионери од цела Македонија, беше само мој мал формален придонес кон работата и начинот на организирање на активностите од страна на пензионерите. Во врска со мојата поддршка на краткорочен и среднорочен план, сакам да потенцирам дека ќе се вклучиме во обезбедување на простории каде што пензионерите ќе ги реализираат своите задачи и активности како во градот, така и во населбите и руралните средини.

**● Години наназад се зборува за изградба на старски дом во Кочани кој би бил од регионален карактер, а за кој одредени подготовки беа веќе направени. До каде е со овој многу важен проект за возрасните луѓе од источниот регион имајќи ја предвид обврската од член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа?**

– Состојбата со изградбата на домот за стари лица е во застој заради одлуката и укажувањето од Министерството за труд и социјална политика дека предвидените средства во Буџетот за 2022 година, не можат да бидат реализирани. Дополнителен проблем е и барањето за промена во проектот, во поглед на капацитетот и регионалниот карактер на истиот, заради што сме на иста линија со ЗП Кочани за задржување на постоечкото проектно решение со околу 150 места за сместување и оправдување на погодната локација од регионален карактер. Се надевам дека проблемите ќе бидат надминати на општо задоволство на сите, а особено на пензионерите од овој регион.

**● Што ќе преземе Општина Кочани за да им помогне на пензионерите да ги пребродат полесно наредните кризни месеци?**

– Општина Кочани нема механизам за помош во пресрет на очекуваниот кризен период и критичните зимски месеци, но очекувам и се надеваме дека на ниво на држава ќе се донесат соодветни стратегиски мерки за помош на сите засегнати страни, вклучително и пензионерите особено оние со ниски пензии.

**● Почитуван градоначалник, застапени ли се доволно пензионерите во органите на општината и ако не се, што планирате на тој план?**

– Пензионерите како поддршка во работата на органите и институциите на општината се застапени во комисиите и телата формирани за успешно функционирање во повеќе сфери како советодавни и базирани на искуство. Кај пензионерите има капацитет кој може да биде искористен особено во решавање на прашања од ниевен интерес.

**● Интересно е што Вие сте меѓу ретките луѓе на функција на сите нивоа кој на веб-страницата ја има поместено е-маил адресата и сопствениот телефон. Сте се покајале ли за тоа? Има ли многу јавувања?**

– Е-маил адресата и бројот на мобилниот телефон ќе останат и понатаму на веб-страницата на општината. И покрај многубројните јавувања и барања од страна на граѓаните мојот стил и принцип на работа ќе останат на линија и во служба на општите интереси и потреби на сите мои граѓани. На овој директен начин остварувам комуникација и дознавам дали она што го релизираме им се допаѓа на граѓаните и сме на правиот пат.






**● Каква е соработката на општината и на Вас како градоначалник со Здружението на пензионери во Кочани?**

– Соработката помеѓу општината и Здружението на пензионери Кочани, и институционално и приватно, можам да кажам дека е на доста високо ниво, што не значи дека не може и не треба да биде и подобра и посодржајна. И јас како градоначалник и општината секогаш во граница на можностите ќе ги поддржуваме активностите на нашите највозрасни граѓани.

**Калина С. Андонова**

ЗП Ѓорче Петров

# Активности за почит

**Свечено одбележан 20 септември Ден на Општина Ѓорче Петров и Ден на пензионерите на Македонија**

По повод денот на Општина Ѓорче Петров, ЗП Ѓорче Петров активно се вклучи во одбележување на празникот. Имено на 20.09.2022 година со получасовна програма игроорната и пејачката група придружувани од оркестар составен од хармоника, кларинет, тапан, гајда и кавал изведоа неколку македонски ора и песни, а солистот Стојан Ѓуревски пред многубројната публика се претстави со две песни. По завршувањето на настапот, изведувачите беа поздравени со громогласен аплауз. Истиот ден делегација од раководниот тим на Здружението положи свежо цвеќе пред споменикот на револуционерот Ѓорче Петров.



**Успешна реализација на програмата за излети**

ЗП Ѓорче Петров согласно со донесената годишна програма за организирање на излети има посетено повеќе излетничко-туристички места. Излетите се реализираа со два туристички автобуса, а посетени се туристичките места: Охрид, Дојран, Берово со посета на Беровско Езеро, Крива Паланка со посета на Осоговски манастир, посета на Лесновскиот манастир, Струмица со посета на Смоларските Водопади, а во текот на месец октомври ќе се реализира уште еден излет до Врање – Лесковац, Р Србија. За време на патувањето на патниците им се презентираат сите информации за излетничкото место кое се посетува.

**Активности во проектот „2022 година на рурален пензионер“**

Комисијата за здравство и социјални работи предводена од претседателот д-р Стојанче Стефановски, а во соработка со општинската организација на Црвен крст Карпош во текот на наредните денови со претходно изготвен план, ќе изврши посета на наши пензионери во населените места Никиштани, Кучково и Орман, каде од страна на медицински лица ќе се изврши лекарски преглед, мерење на крвен притисок како и шеќер во крвта.



**Љубинко Ристов**

Охрид

# Отворен Музеј за филигран посветен на Вангел Деребан

На обновената куќа во старата охридска чаршија „Кај скаличките“, каде што некогаш се наоѓаше работилницата на „големиот, и надалеку познат филигранист, мајсторот Вангел Деребан, неодамна беше отворен Музеј посветен на филигранот, место каде што ќе биде презентиран филиграски алат, поставка на филигрански реликвии како и презентација на сето културно богатство зачувано од познатото охридско семејство Деребанови. Скромниот објект има три простории од кои едната е резервирана за поставка во која е изложен накит и предмети изработени од филигрански мајстори, потоа историски преглед на филигранскиот занает низ времето, како и работилница за изучување, запознавање и презентација на вештините на филигранството.



– Музејот како проект е поддржан од ЕУ и има цел да се презентира филигранството пред туристите, сонародниците и сите други поединци и институции за да сознаат кои сме биле и кои сме ние Македонците. Дедо ми Вангел ни остави аманет да го продолжиме кујунџиството, без разлика на нашата животна професија.

На отворањето на музејот ова го кажа Никола, внукот на мајсторот Вангел Деребан, кој како и неговиот дедо и татко го познаваат овој редок и многу ценет занает кај нас и пошироко. Во изложбениот салон е презентиран накит стар и по неколку векови што ги собирал неговиот дедо, но и парчиња што самиот Вангел Деребан, макотрпно ги изработувал, кои датираат од 18 и 19 век, изработени од македонски кувенџии. Има целосен накит и женски и машки, украси за глава, накит за облека, верски и црковни предмети, па сè до машки предмети од филигран како ќостеци, чибуци и слично.

Во музејот има и простор за работилница во која неколку мајстори од Охрид ќе бидат ангажирани да изработуваат филигран, да подучуваат млади заинтересирани за занаетот, но и да презентираат пред туристите како се изработуваат филигрански предмети, се со цел да се продолжи стариот и редок филигрански занает на познатиот охридски и македонски кујунџија Вангел Деребан, за кого охриѓани со задоволство се потсетуваат. На отворањето на музејот со работилницата беше презентирано и реизданието на книгата „Македонскиот накит“ на Вангел Деребан.

Вангел Деребан е роден во 1920 година во Струга, а почина во 93-та година од животот. Од најрано детство бил филигрански чирак и е шеста генерација филигрански мајстори на семејството Деребанови. Сребрената пеперутка позната по ТВ-спотот „Купувајте македонски производи“, која се чува во Националниот музеј на Македонија, ја има изработено неговиот татко Александар. За Вангел Деребан се објавени многубројни текстови и репортажи во домашни и странски списанија од познати публицисти, преку кои текстови се промовирани и градот Охрид и Македонија. Многубројни филигрански изработки главно од сребро со мотиви од Охрид и Македонија од пред многу векови, Вангел Деребан има посветувано на многу познати светски личности од политичкиот, културниот, филмскиот, музичкиот свет, на кралеви, принцови, кои го посетувале неговиот стар и трошен кувенџиски дуќан, тогаш сместен во срцето на старата охридска чаршија. Охридскиот филигранист Вангел Деребан е добитник на многу награди и признанија, меѓу кои и Светиклиментовата награда на град Охрид. **К. Спасески**

Септември – месец на меѓугенерациска соработка

# Метаверзумот брише граници меѓу реалноста и виртуелното

Сведоци сме на бришење на границите меѓу реалноста и виртуелното преку новите технологии. Создадена е **мешана реалност МР (метаверзум)**, на пример, преку користење на социјалните медиуми и интернетот. За проширената виртуелна мешана реалност (метаверзум) се вели дека е дистописка идеја – закана за човештвото. Се јавува **дистопија наспроти утопија**. Идеално општество со најмалку криминал, насилство и сиромаштија е **утопија** (според истоименото дело на Томас Мор објавено 1516). Спротивно на утопија е **дистопија** – тоа е фиктивна заедница или општество кое не е пожелно и е застрашувачко, обилува со вознемирувања, тирански влади и уништувања на општествената заедница и животната средина – пеколот на Данте!

Мешаната реалност има многу предности, ама и ризици. Особено е застрашувачко користењето на социјалните медиуми и интернетот, меѓу другото, бидејќи навлегуваат во приватната интима и овозможуваат далеку поекстремно кибер малтретирање и многу загрозувачко емотивно врсничко насилство.

Во 1983 година, пред да заминам на конференција во Лондон, син ми Лазар кој тогаш имаше 11 години, ме замоли да најдам начин да се видам со Клаив Синклер – Clive Sinclair (пионер во компјутерската индустрија). Во Лондон ми рекоа дека ќе го видам само како восочна фигура во музејот на Мадам Тисо. И така и беше: таму се сликав со Синклер-восочна кукла, седнат на тркалезно масиче со компјутерот и јас со него како во разговор. Син ми беше воодушевен од сликата, но дури кога беше студент му признав дека тоа не е Синклер во живо, но компјутерот на масичката беше вистински! Во тоа време тој уред беше со висока цена и голема царина! Набрзо потоа, на два дена за еден викенд, професор од електротехнички факултет во Скопје, му го даде на син ми неговиот синклер компјутер. Лазар не се мрдна од него. Не јадеше, не спиеше! Така беше тогаш. Денес сме сведоци колку сите генерации станавме тешки зависници на новите технологии и старите и младите!

**Споделување помеѓу генерациите**

Секоја генерација има изградено специфични способности и знаења, затоа најдобро е да ги споделуваат и да се поучуваат меѓусебно. Секоја генерација поседува материјали од кои може да се научат вредности и сознанија кои не застаруваат и нови, кои тукушто се воспоставени. **Љубов, знаење и вештини** како и врвните доблести и новости треба да им бидат достапни на сите возрасти. Тоа е начин на здружување на генерациите. Сепак постои разлика во дигиталните способности меѓу генерациите. За да ги надмине местаризмите од една страна, и различните критики на повозрасните упатени кон младите, од друга страна, како средство може да ја користиме развиената дигитална технологија. Таа е достапно средство за споделување новини, ставови, претпочитања, знаења и емоции со кои можат да се здружат генерациите. Повозрасните можат да го изнесат најдоброто од историјата, културата, традициите, наследството и стекнати умешности. Помладите можат да ги стимулираат повозрасните (родители, баби и дедовци) да изградат љубов кон учењето на новите достигнувања, но и да создадат спомени што ќе опстанат. И така да им биде пријатно и корисно да бидат заедно различните генерации!

**проф. д-р Олга Мурџева - Шкариќ**

# Финансиска поддршка од СЗПМ за издавачка дејност на членството во 2022

Огласот на СЗПМ за финансиска поддршка на издавачката дејност и творештвото за 2022 година, потврди дека оваа форма на поттикнување и афирмација е дел од содржините за работа и дејствување кои имаат голем интерес меѓу пензионерите од сите здруженија, членки на Сојузот. Пријавени беа триесет дела и проекти од повеќе области на културата и уметноста, константна бројка во последните неколку години.

Повремената комисија за информирање и издаваштво едногласно даде поддршка на седумнаесет автори пензионери. Добитници на средства за стихозбирки по 10.000 денари се: Мишо Китаноски за „Јас си отидов“, Дана Дембелска за „Раѓање на емоциите“, Гордана Петров – Такец за „Љубов“, Ангел Јакимовски за „Глас од ретки буки“, Митра Дупчинова за „Чекориме“, Трајче Донев за „Вдлабнато минато“, Гордана Поповиќ за „Ехото на виножитото“, Благојка Филипчева за „Азбучник на животот“ и Исамил Ганиу за „Моите зборови“. По 10.000 денари за книга раскази добија: Јосиф Џоџков за „Балкански провев“, Божана Тренческа за книгата насловена „Раскази“, Шериф Сулејмани за „Тајната на успехот на Емир“ и Јован Мазгански за книгата „Раскази“, како и Кирил Ристески за книгата колумни „Оти така“ и Кирчо Соларски за „Вицеви и афоризми“, додека Росица Митиќ за романот „Поглед во огледалото на душата“ доби 25.000 денари, а Вецко Стојановски за изложбата „Демирхисарските пензионери шетаат и се дружат“ 15.000 денари. Комисијата забележува дека годинава има повеќе интересни и квалитетни проекти кои ја добиваат максималната финансиска поддршка во согласност со утврдените критериуми на Правилникот за доделување финансиска поддршка при Сојузот. Комисијата изразува посебна благодарност до претседателката на Сојузот Станка Трајкова и нејзините соработници кои безрезервно се вложија и дадоа сопствен придонес и поддршка за успешната и плодородна работа.

Ваквите форми и содржини на работа на Сојузот, квалитетно го збогатуваат животот и искуството на пензионерите со кои се афирмираат традиција и континуитет на македонскиот јазик и на јазиците на сите кои живеат во нашата земја и ги афирмираат духовните и материјалните културни вредности создавани со столетија. Поддржаните проекти како лековита вода се манифестираат со јавни настани преку промоции, средби, дебати, работилници, фестивали и манифестации, публикување на заеднички книжевни зборници како што е „Пензионерите творат“, гостувања во разни градови во земјата и во странство и друго.

Пензионерите творејќи и создавајќи книжевни дела и презентирајќи ги со финансиската помош на Сојузот се вклучуваат во активното стареење заедно со другите форми содржани во Програмата на Сојузот. Творештвото и резултатите, особено оние во областа на издаваштвото ги потврдуваат убавината, активноста и виталноста на човекот без разлика на возраста во творештвото како возвишена и трајна димензија на егзистенцијата на животот и светот.

**проф. д-р В. Тоциновски**

ЗП Гевгелија

# Прво место на Меѓународен фестивал во Ќустендил, Р Бугарија за гевгеличани




На 10.09.2022 година пејачката група „Сава Михајлов“, при здружението на пензионери на Општина Гевгелија настапи на 16 мегународен фестивал на шлагерски и старроградски песни „Пеј срце“, што се одржа во Република Бугарија во Ќустендил, каде од 70 здруженија од Србија, Бугарија и Македонија прво место освои пејачката група „Сава Михајлов“, од здружението на пензионери од Гевгелија.

Пејачката група „Сава Михајлов“ при ЗП Гевгелија имаше настап и во месец август во Демир Капија на манифестацијата „Пензионерите пеат“, каде се претстави со убав сценски настап и прекрасни песни.



На 23.08.2022 година Извршниот одбор при ЗП Гевгелија одржа седница на која беа разгледани повеќе прашања, меѓу кои најголем акцент се даде на хуманитарните активности.

Исто така беше избран и нов претседател на комисијата за културно–забавен живот Јана Аризанова, бидејќи пред неколку месеци почина претседателот на комисијата.

По повод Денот на пензионерите, на 23.09.2022 година ќе се одржи прослава на која пензионерите ќе се дружат со песни, музика и оро во ресторанот „Романса“.

**Јанка Узунова**

ЗП Прилеп

# Дела напишани за своја душа

Деновиве во Домот на културата во Прилеп се одржа интересна литературна средба, а главниот „виновник“ како што рече претседателката на Клубот на литературни творци Андријана Ристеска, е токму писателката на двете книги Даница Пеовска. И, навистана во убава атмосфера со многу гости, не само љубители на пишаниот збор од градот ами и од странство, на промовирањето на книгите на Пеовска, „Солзите на Анастасија“ и „Живот пренесен во ранец“ беа и синовите, снаите и внуците од Шведска и Австралија.

Краток вовед за Клубот на литературните творци и за авторката на двете книги искажа претседателката Андријана Ристеска, по што делови од двата романа прочитаа Мирјана Ристеска – Селчанец и Душан Ѓорѓиоски.

– Животот е долга патека по која сите ние побрзо или побавно се движиме, меѓутоа, местоположбата на патеката е многу важен фактор кој го оформува судбината или нашата животна приказна. Секој човек е дел од својата приказна, тој сам го управува до одредена мера сопствениот живот, а останатото е судбината која некогаш можеме, некогаш и не можеме да ја пренасочиме во друг правец. Во „Солзите на Анастасија“ читателот е пред една голема непозната патека на нечиј живот, по неа и читателот чекор по чекор се движи со Анастасија, главниот лик во истоимениот роман. На свој начин држејќи го нејзиниот „живот во дланка“ читателот сфаќа дека човекот е најсилното суштество кое стоички може да ги издржи сите бури и бродоломи и пак да му се насмее на светлото на новиот ден што доаѓа, – вели во својата рецензија за оваа прва книга на Пеовска, професорката Цеца Видова – Трајческа. А, за романот „Живот пренесен во ранец“, Трајческа ќе напише:




– Овој роман навидум е едноставен, но всушност е многу специфичен бидејќи од самиот почеток го врзува јазолот на борбата наречена: живот. Главниот лик околу кој се преплетуваат сите сижејни линии е вистински херој кој расте како подмладок од стеблото на својата баба. Нараторот е најчесто „гласот“ во делото, кој понекогаш зборува во прво лице, но сепак тој е авторот. Токму овде во тој глас се извишува повторно ликот на бабата која е поставена како стожерен лик, лик кој ги крепи сите кревки ликови кои се хранат и полека се напојуваат од нејзината сила и позитивност, лик на силна жена, жена кремен–камен, – пишува Видова – Трајческа осврнувајќи се на овој втор роман на Даница Пеовска кој истовремено се промовираше со нејзината прва книга.

Даница Пеовска е родена во 1953 година во Прилеп, а сега е пензионерка и член на Клубот на литературни творци. Пишува, како што вели од мали нозе, пишува поезија и проза. Пишувала и како работничка во фабриката „Микрон“, а има учествувано на многу книжевни литературни конкурси во Македонија и надвор од неа од каде што има добиено повеќе награди. Покрај сега промовираните две книги, како што вели самата Пеовска, има „готови“ напишано и подготвени за издавање уште неколку романи и збирки песни. „За мене“, додава Даница Пеовска, „пишувањето е исполнување на мојот живот. Кога пишувам како да си правам разговор со перото. На почетокот не размислував да ги издавам моите ракописи, но по поттикнувањето на моите синови, снаи и внуци, иако се далеку, јас решив моите ракописи да видат ’бело видело’“. Инаку, како да се правда Пеовска, вели, „јас пишувам одамна, но, да се разбереме пишувам за мојата душа, а еве сега тоа што го напишав ќе имате можност и вие, а и многу други читатели да се запознаат со она што го творев и творам подолго време“. **К. Ристески**

Нова книга на Дрвошанов за Стојан Ристески

# Повеќестрано осветлување на настаните

По делото за творештвото на проф. д–р Стојан Ристески публикувано во 2002 година, проф. д–р Васил Дрвошанов, лингвист, поет, публицист и професор, одново му се навраќа на публицистичкото и научно творештво на познатиот проследувач на состојбите и појавите на македонското културно минато на македонскиот народ, со збор аналитички и јасен, неретко и жесток и полемичен. Имено, Дрвошанов во новата објава насловена Творештвото на Стојан Ристески II, се осврнува на 35 книги на овој плоден деец од срцето на Дебарца. Заеднички признак проткаен во сите дела е македонството, независно од фактот дали се од тематика од роднокрајната историја на охридско–струшкиот регион, па и пошироко; дали се третира проблематика од историјата на македонскиот народ; дали се однесуваат на новата историја на македонската книжевност, на лингвистиката, на јазичната проблематика, па дури и на екологијата.

Оваа особеност ја наметна потребата од обединување на сите осврти во една целост. Љубопитниот читател од книгите на Ристески може да дознае за судбината на херојството на борците за слободна Македонија, за кодошите како гробари на човечкото достоинство; за убавината на нашите врски објекти итн.

Посебно внимание предизвикуваат прилозите за нашите духовни храмови и светци меѓу кои најсилна светлина зрачи од ликовите на светите Климент и Наум. Стојан Ристески се пројавува дури и во областа на екологијата за што сведочи делото Охридското Езеро и неговата заштита. Импонира неговиот научно–популарен приказ на карактеристиките на ова езеро и неговиот апел да го чуваме како природен дар и благодат за сите генерации.

Треба да спомeнеме дека не може да се направи прецизно разграничување на неговите дела. Во голем дел од нив се испреплетуваат историјата и јазикот, книжевноста и препевот итн. Во секој случај треба да истакнеме дека Стојан Ристески секогаш ги осветлува личностите, делата и настаните повеќестрано. Затоа неговото дело е слоевито, но секогаш македонството е главен предзнак, по што е познат како научен истражувач во македонистиката – вели проф. д–р Васил Дрвошанов. **П. М.**

ЗП Демир Хисар

# 44 години ликовно творештво

„Да се направи една добра слика е исто толку тешко како и да се избруси дијамант“ – В. В. Гог

Уште од најрана возраст, од свои 8 години, кај него се појавило огромен интерес за ликовно претставување, за во третата доба, не само што остана посветен на својата љубов – ликовната уметност, туку и со уште поголем елан создава дела на кои



можат да му позавидат и најголемите ликовни уметници.

Вецко Станковски, роден е во 1954 година во с. Церово, Демирхисарско, каде што го завршил основното училиште во с. Вирово. Желбата да го заврши Средното уметничко училиште во Скопје на кое се запишал не му се остварува, како што вели тој „поради немаштија“. Младиот Вецко и во средношколските клупи во Военото училиште во Задар, Р Хрватска, и како академски граѓанин на Вишата правна школа и за време на неговиот 29–годишен стаж во Македонски пошти, постојано црта, твори, се надоградува и постепено навлегува и ги совладува тајните на ликовната уметност. И иако најстарата од трите наречници, за Вецко посакала неговиот животен пат да оди по друга насока, сепак тој никогаш не се откажал од она дарuваното од бога – исконската дарба да слика!

Денес Станковски е уметник кој неуморно го слика и пренесува на платно секојдневието. Најчесто работи со техника масло на платно, за што вели дека најважна е подготовката на платното. Станковски почнал да црта со темпери, а потоа користел пастел, акрил, акварел, мастило, мрсна боја и др. Со материјали за работа, како бои, четки, платна, сликарски штафелај и друго, во минатото се снабдувал од поранешниот гигант Карбон од Загреб додека сега, ни вели, ни приближно го нема тој квалитет. Во творештвото на Станковски, најмногу место зазема пејзажот и цвеќињата, а портретот поретко. Во неговите дела, покрај боите, внесува и огромно количество емоции кои бликаат од делата и се прелеваат во очите на оние кои ги набљудуваат. Делата на овој, даровит сликар можат да ве оставаат без зборови затоа што во нив доаѓа до израз неговиот посебен талент со уникатен и препознатлив стил. Во Демир Хисар, сè уште се прераскажува преубавата изложба во фоајето на Домот на културата на 64 негови дела за неговиот 64–ти роденден. За богатсвото и содржината на неговите дела ќе се уверите дури кога ретроспективно ќе го погледнете неговото четиридецениско творештво кое ги краси ѕидовите на собите во неговата куќа. Со чудно волшепство на разиграните бои и само нему познатиот уникатен начин на сликање создава неповторливи дела во кои се пресликува неговото сликарско мајсторство. Вецко, за неговото сликарско воздигнување се води од познатата мисла на Тагоре, дека задачата на уметникот е да ја создава убавината на делата во спокој и неспокој, дека за сликањето е потребна фантазија, развивање на техниките и моќта на забележувањето и дека овие избалансирани компоненти создаваат уметник.

– Преку четката и бојата го кажувам сето она што би сакал да го изговорам, да го коментирам или посочам. Сликарството е околу нас, само треба да се одбере мотивот – ни вели. – Неколку години сум пензионер, а во овие години имам многу повеќе време за другарување со моето хоби и мојата љубов – сликањето, кои ме исполнуваат и ми ги разубавуваат пензионерските денови. Им порачувам на сите пензионери, да не престануваат со творење и со реализирање на своите дарби и афинитети во оваа животна доба кога имаат слободно време на претек – вели Вецко.

По пензионирањето, покрај сликањето, Вецко изработува и украсни птици од цемент и песок, саксии за цвеќиња од пластични канти и др.

**Зоран Стевановски**

# Seanca e 34-të e Këshillit ekzekutiv i LSHPM



Më 31.8.2022, është mbajtur seanca e Këshillit ekzekutiv i LSHPM, në të cilën përveç anëtarëve kanë marrë pjesë: kryetari i Kuvendit të LSHPM m-r Ilija Adamoski, kretari i Komisionit të kohëpaskohshëm për veprimtari botuese dhe krijimtari d-r Vasil Tocinovski dhe kryetari i Forumit juridiko ekonomik d-r Fidanço Stoev, ndërkaq, me seancën ka drejtuar kryetarja e Lidhjes, Stanka Trajkova.

Sipas rendit të ditës të aprovuar, kryetarja Trajkova ka theksuar se materiali për masat kundër krizë për përmirësimin e standardit jetësorë të pensionistëve është shumë me rëndësi për shfrytëzuesit e pensionit në kushte të krizës ekonomike dhe energjetike dhe prandaj Lidhja propozon që pakoja e masave kundër krizë të plotësohet dhe më pastaj të dërgohet deri te Ministria për punë dhe politikë sociale. Në diskutimin që pasoj, është konstatuar se propozim - masat janë me përmbajtje, por në të duhet të shtohet fokusi i pensioneve të ulëta dhe të vihet nevoja për subvencionimin e drunjtëve për ngrohje, që u aprovua njëzëri. Për ndërrimin e listës pozitive ose për subvencionim në çmimin e ilaçeve, Lidha disa herë ka dërguar kërkesë deri te Ministria për shëndetësi. Ajo ka informuar se për këtë problem do të ftohet ministri për shëndetësi në një mbledhje të përbashkët.

Pas aprovimit të masave kundër krizë, kryetarja Trajkova, ka informuar edhe për ngjarje tjera: është vizituar SHP Vranje në takim pensionistësh - Preobrazhenje. Gjithashtu, ka informuar se më 20 shtator do të mbahet shënimi i Ditës së pensionistëve në Maqedoni.

Në seancë, Informacioni për ndikimin e reformave tatimore të lajmëruara të situatës materiale dhe sociale të shfrytëzuesve të pensionit në mënyrë të detajuar dhe profesionale ka sqaruar d-r Fidanço Stoev, kryetar i Forumit juridiko-ekonomik pranë LSHPM, i cili ka thënë se edhe Lidhja me vëmendje të posaçme e përcjellë reformën tatimore të lajmëruar dhe propozimet lidhur me të, të sjella nga Forumi juridiko-ekonomik, të dërgohen te Ministria për financa.

Për Vendimin e lejimit të mjeteve financiare për autorët e veprave të zgjedhura sipas shpalljes për inkurajimin e veprimtarisë botuese dhe krijimtarisë, arsyetim të shkurtër ka dhënë kryetari i Komisionit të kahëpaskohshëm d-r Vasil Tocinovski, i cili ka thënë se kanë arritur shumë vepra kualitative, ndërkaq janë zgjedhur 17 vepra. Autorët e veprave marrim mjete në të holla sipas Rregullores për inkurajim të veprimtarisë botuese dhe krijimtarisë.

Vendimi për ndarjen e mjeteve për shënimin e jubileut 30-të vjeçar të SHP Pensionistët ushtarak është aprovuar njëzëri, si dhe Vendimi për ndarjen e mjeteve për SHP Probishtip për mbajtjen e takimit pensionist në Lesnovo. Në seancë është sjellë edhe Vendim për Komision të përkohshëm për shënimin e 20 shtatorit - Ditës së pensionistëve këtë vit, në përbërje: Todor Iliev, Vasil Paçemski dhe Jovan Mazganski.

**K.S.A.**

SHP Çair

# Shoqërim shumë etnik folklorik



Traditën e ekskursioneve të organizuara dhe vizitën e vendeve të rëndësishme në vendin tonë dhe jashtë saj, Shoqata e pensionistëve Çair, ka vazhduar edhe këtë vit. Kështu, është realizuar ekskursion njëditësh me përbërje të përzier etnike për dhjetëra anëtarë të ekipeve sportive dhe koriste.

Më 7 shtator të mëngjesit, pensionistët e SHP Çair, me një autobus u nisën në drejtim të lokaliteteve turistike Smërdliva voda (Uji i me erë të keqe), në largësi rreth njëzet kilometra prej Gjevgjelisë, në lartësi mbidetare prej 712 metrash. Dita e bukur me diell lajmëronte udhëtim të këndshëm, e cila, me muzikë, këngë dhe shaka u bë edhe më interesante.

Pauzën e parë gjatë rrugës e bënë te Negotinë. Nëpër Gjevgjeli kaluan pa u ndalur dhe u drejtuan kah Uji me erë të keqe. Ky lokalitet në të vërtet përfaqëson banjë ajrore. Është i shpërndarë në kanion të vogël në pjesën më lindore nga masivi Kozhuvjan, ndërmjet dy lumenjve malor Cresha dhe Slivka, të cilët bashkohen në hyrje të kësaj hapësire në Konjska Reka. Këtu, pensionistët disa orë u kënaqën në bukurinë që natyra ka shpërndarë. Disa vizituan kishën Sv.Ilija në pjesën e mesme të lokalitetit, ndërtuar në shkëmbe të ngritur ku ndezën qiri për shëndet. Lokaliteti është i njohur me ujin mineral me erë jo të këndshme, sipas së cilës ka marrë edhe emrin. Ndërkaq, uji mineral është i dëgjuar larg si ujë shërues. Kjo anë piktoreske është një kopsht i vërtet botanik e pasur me pyje gjelbërimesh të përhershme, bimë mediterane, por edhe lloji endemik i drurit "gol çovek" ("njeri i zhveshur"). Ekskursionistët më pastaj u drejtuan kah Gjevgjelia ku patën mjaftë kohë ta vizitojnë qytetin.

Rajonet e bukura, qetësia e pafund të cilën e prishën vetëm shushuritja e lumit i ka kënaqur pensionistët, por e gjithë ajo nuk mund të përshkruhet, duhet vetëm të përjetohet. Shoqërimi i paharrueshëm mbushur me plot përshtypje, do të mbahet mend gjatë.

**Vasil Paçemski**

# Olimpiada e sportit dhe shoqërimi

Lidhja e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë edhe këtë vit ishte organizator i suksesshëm i garave të 26-ta Republikane sportive pensioniste ndërmjet pensionistëve më të mirë sportist nga shoqatat e pensionistëve të Maqedonisë.



Në këto gara sportive morën pjesë pensionistë sportist të cilët u plasuan në takimet regjionale për të marrë pjesë në këtë manifestim pensionist në nivel republikan. Olimpiada pensioniste këtë vit u mbajte më 14 shtator në Qendrën sportive rekreative Bilijanini Izvori në Ohër, ku ekzistojnë kushte ideale për prezantim masiv të sportit.



Në fushën sportive u takuan 38 shoqata të pensionistëve për prezantim masiv, ndërkaq kanë marrë pjesë 280 garues nga të cilët 144 në konkurrencën meshkuj dhe 136 në konkurrencën femra, pensionistë nga shoqatat anëtare të LSHPM.



Pensionistët garuan dhe u shoqëruan në atmosferën ferr dhe sportiv dhe i matën forcat në 9 disiplina në 19 kategori në konkurrencën meshkuj dhe femra. E gjithë kjo tregon se pensionimi përfaqëson periudhën më të bukur të jetës, ndërkaq, me kultivimin e sportit dhe shoqërimit kontribuohet që jeta në moshën e tretë të jetë me përmbajtje dhe dinjitet.

Ky takim masiv pensionistëve në nder të shënimit të 8-të Shtatoritditës së pamvarësisë të Republikës së Maqedonisë veriore dhe 20-të shtatorit - dites të pensionistëve të vendit tonë. Olimpiada sportive pensioniste u mbajt nën patronazhin e Qeverisë së Maqedonisë së Veriut - Ministria për punë dhe politikë sociale.

Në këtë manifestim pensionist sportiv me pjesëmarrjen e tyre i dhanë peshë të veçantë: shefja e kabinetit të ministres për punë dhe politikë sociale Natasha Dimeska, kryetarja e LSHPM Stanka Trajkova, përfaqësuesi nga Komuna Ohër dhe mysafirët nga Serbia dhe Shqipëria. Në emër të nikoqiri, mirëseardhje mysafirëve dhe pjesëmarrësve ju ka shprehur shoqata e pensionistëve Ohër dhe Debarcë, kryetari Gjorgji Tërpçevski. Pjesëmarrësit dhe të pranishmit i ka përshëndetur edhe Natasha Dameska shefe e ministres për punë dhe politikë sociale. Ajo ka theksuar se pensionistët meritojnë jetë më të mirë dhe më me dinjitet për çka resori i ministrisë në bashkëpunim me Lidhjen e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, do të vazhdoj t'i zgjidh problemet aktuale të këtyre personave më të rritur.

Kënaqësi të veçantë dhe mirënjohje për mbajtjen e garave në territor të Komunës Ohër, ka shprehur përfaqësuesi nga Komuna Ohër. Takimin e kanë përshëndetur edhe mysafirët nga Serbia dhe Shqipëria, duke përcjellë përshëndetjet, kanë treguar bashkëpunimin e shkëlqyeshëm me LSHPM. Në fund, kryetarja e LSHPM Stanka Trajkova, edhe njëherë theksoj rëndësinë e garave sportive pensioniste me çka Olimpiadën e shpalli të hapur.





Pas mbarimit të garave në manifestim adekuat u shpallën fituesit me çka u ndanë edhe medaljet, ndërkaq fitues i përgjithshëm ishte Shoqata e pensionistëve Ohër dhe Debarcë, me ç'rast e fituan edhe peharin kalimtar. Në fund, mysafirëve nga Serbia dhe Shqipëria u janë ndarë plaketa në shenjë të miqësisë dhe bashkëpunimit të mirë.

**Vasil Paçemski**

# Dita e pensionistëve të Maqedonisë 20 shtatori-u shënua me dinjitet

Lidhja e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, Ditën e pensionistëve 20 shtatorin, çdo vit e shënon në mënyrë përshtatshme dhe me dinjitet. Ashtu ishte edhe këtë vit. Në fillim tëkësaj ngjarje të rëndësishme, të pranishmëve u është drejtuar kryetarja e Lidhjes Stanka Trajkova, e cila ka thënë:

- Këtë vit, shënimi e kësaj date të rëndësishme për pensionistët, është në kuadër të projektit të LSHPM "2022 viti i pensionistit rural", me të cilin Lidhja fokusohej në kujdesin dhe ndihmën pensionistëve në mjediset rurale. Por, së pari të rikujtohemi në të kaluarën edhe kur është shpallur kjo datë për Ditë të pensionistëve të Maqedonisë. Që në vitin e largët 1986, me rastin e 40 vjetorit të sjelljes të Ligjit të parë për sigurimin pensionist invalidor, është mbajtur seancë solemne në të cilën u bë promovimi i par më i madh publik i Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë. Në seancë është paraqitur referat me Program të deklaruar për mënyrën e veprimit të kësaj lidhje në shoqëri dhe se si do të jenë aktivitetet e saj të pavarura. Në fund të pjesës së punës në seancën solemne, njëzëri është aprovuar: Çdo vit, më 20 shtator të shënohet viti i formimit të Lidhjes së pensionistëve të Maqedonisë, me takime të përshtatshme, referate dhe shfaqje të ndryshme kulturore dhe sportive.

Kështu, 20 shtatori është shënuar në dispozitat ballësore në Statutin e LSHPM, në nenin 9, si Ditë e pensionistëve të Maqedonisë, dhe kjo datë shënohet çdo vit në Lidhje dhe në shoqatat e pensionistëve, anëtare të saj, me manifestime të përshtatshme, promovime suksesesh dhe projektesh të Lidhjes së shoqatave në atë vit.

Në shenjë të përkujtimit, tanimë mbahen tradicionalisht 26 vite gara Republikane sportive pensioniste të cilat pos revyve folklorike të këngëve, muzikës dhe valleve, janë një ndër aktivitetet më masive pensioniste. Në këtë rast, nuk mund të lihen dhe të numërohen edhe numër i madh nismash, propozimesh dhe kërkesash të cilat Lidhja në vazhdimësi i ngrenë me qëllim që jeta e mbi 320.000 pensionistëve të bëhet më kualitative dhe më përmbajtëse, me pasurimin e të drejtave dhe rritjen e pensioneve të tyre.

Sot, shoqatave pensioniste më aktive, anëtare të Lidhjes, të cilat kanë vizituar më shumë pensionist të vetmuar dhe të sëmurë në rrethet e tyre rurale do ju dorëzohen mi-



rënjohje. Mirënjohjet për aktivitete të këtilla për vitin 2022, kanë marrë shoqatat: Gjevgjelia, Vallandova, Shtipi, Kratova dhe Saraji. Jo më pak aktive ishin edhe shoqatat tjera, por disa prej tyre tanimë ishin shpallur për numër të madh aktivitetesh, disa do të lavdërohen në vitet e ardhshme në këtë ose në ndonjë tjetër projekt, ndërkaq, projekte të tilla ka dhe do të ketë edhe në të ardhshmen. Urime për të gjithë dita dhe ta festojmë dhe shënojmë edhe shumë vite me rezultate edhe më të mëdha rurale.

Pas fjalimit, kryetarja e Lidhjes Stanka Trajkova, ju ka ndarë mirënjohjet pesë shoqatave pensioniste më aktive. Mirënjohjet i pranuan: Velin Stojmenov, kryetar i SHP Gjevgjeli, Gorica Mihajllovska, kryetare e SHP Vallandovë, Risto Netkov, kryetar i SHP Shtip, Strashko Trajkovski, kryetar i SHP Kratovë dhe Mahir Duraku, kryetar i SHP Saraj.

Ky takim solemn modest, me poezi dhe këngë me përmbajtje humanitare e pasuruan dhe u paraqitën: Natalija Naumovska, Janka Uzunova me këngët "Humanizmi" dhe "Nëna plakë" dhe Jovan Mazganski "Plakja me dinjitet" dhe "Bilanci i jetës".

**K. S. Andonova**

Тетово

# Чест и задоволство е да се раководи со Здружението „Иљо Антевски - Смок“ Тетово



Тетовецот Хаџи Мило Ѓорѓевски веќе пет години е пензионер, а двојно повеќе од тоа е претседател на Здружението за култура и уметност „Иљо Антевски – Смок“ од Тетово. Вели дека нема поголемо задоволство, а истовремено и чест да се биде на чело на една ваква асоцијација од две причини: годинава ова здружение одбележува редок јубилеј – 100 години од постоењето и асоцијација која го носи името на истакнатиот револуционер од Тетово Иљо Антески – Смок. Во писанијата за Смок читаме: „млад човек кој од тетовските маала се вивна во вечноста со својот револуционерен дух, жртвувајќи го својот живот за слободата на својата татковина“. И уште нешто: „...како припадник на Мавровскиот одред станал негов комесар и учесник на формирањето на одредот ’Кораб’“. На 27 април 1943 година во Ново Село – Гостиварско, бил заробен и одведен во злогласниот затвор во Тирана. Пресудено му било смрт со бесење, а физичкиот крај на Илија прераснал во негова бесмртност. Храбро оди кон бесилката, сам ја оттурнува подлогата, извикнувајќи „Смрт на фашизмот, слобода на народот“, наведува неговиот соборец Тихомир Шаревски. На наше прашање како дошло до тоа ова здружение да го носи ова име, нашиот соговорник Хаџи Мило вели дека одговорот е во записот на неговиот соборец Иван Крстевски: „Одредбата ова КУД да го носи неговото име не е случајна. Илија Антевски – Смок континуирано беше сврзан за оваа сфера на живеење...“ Хаџи Мило Ѓорѓевски и самиот бил мошне активен во културно–уметничкиот живот во Тетово. Во 1980 година бил режисер на претставата „Часовници“ од Владимир Костов. Оттогаш постојано е со културните и уметничките работници. Сега е прв човек на друштвото во кое има неколку стотина членови, меѓу кои и повеќе пензионери.

„Од мали нозе сум бил активен во културните и уметничките друштва во Тетово, Скопје, член на Музичката младина на Македонија, а најмногу сум бил ангажиран како професор во Училишниот центар „Моша Пијаде“ во Тетово, каде формирав фолклорна и драмска секција, а две години бев член на игроорната група на КУД „Иљо Антески – Смок’“. Во 1922 година, истакнати ученици на тетовската гимназија отвориле библиотека, го регистрираат фудбалскиот клуб „Љуботен“ и го формираат културно–уметничкото друштво „Бинички“ во чиј состав најпознат бил хорот. Сè до 1947 година ова друштво го носи тоа име, кога го добива сегашното. Со помали отстапувања, ова друштво опстанува до денешни денови. Мене ми припадна честа во 2011 година да бидам избран за претседател и на таа должност го прославуваме реткиот јубилеј – 100 години постоење на Здружението. За ова формиравме одбор за одбележување на јубилејот. Се определивме за содржини кои, пред сè, ние ги негуваме, во кои имаме предвидено целовечерен концерт под наслов „100 години постоење, наследство, традиција, култура и уметност“. Во содржините предвидени се учество на меѓународен литературен фестивал; промоции на книги; интернационален фестивал на хумор, култура и сатира; меѓународен фолклорен фестивал со учество на ансамбли од Алжир, Албанија, Србија и од повеќе градови од нашата земја. Бевме во преговори за учество на ансамбли од Тјумен (Русија) и Бјела Тсерива (Украина). За жал, од познати причини овие два ансамбла го откажаа учеството“, вели на крајот од разговорот Хаџи Мило Ѓорѓевски.

**Гојко Ефтоски**

ЗП Пехчево

# Меморијален турнир во табла

По двегодишна пауза, во пензионерскиот клуб во Пехчево се одржа Петтиот меморијален турнир во табла, во спомен на прерано починатиот сограѓанин Бранко Пешански.



Турнирот предизвика голема заинтересираност кај љубителите на оваа игра и за учество се пријавија 32 учесника, меѓу кои имаше и две жени. Спонзорот на турнирот Мартин Бочварски обезбеди парични награди за најдобрите. Од Здружението на пензионери на Општина Пехчево беше обезбедена логистичка поддршка во луѓе, инвентар, потребни табли и освежување за нормално одвивање на турнирот.

По натпреварот, на крајот беа прогласени најдобрите. Годинашен победник на турнирот е Јован Тасевски, пензионер од Пехчево. Второто место го освои Борис Станоевски, додека третото место го освои Перо Рочовски. Паричните награди на најдобрите им ги додели спонзорот на турнирот.

Се очекува во иднина овој меморијален турнир да се одржува секоја година со учество на сè поголем број учесници љубители на оваа популарна игра.

**А. Кацарски**

ЗП Крива Паланка – Разговор со пензионерот д–р Сократ Марковски

# Шахот е негова пасија



Со д–р Сократ Марковски, пензиониран лекар, роден е во 1940 година во село Буф, Леринско, Егејска Македонија, Република Грција. Марковски со група деца бегалци, сами без родители, во 1948 година, на негова осумгодишна возраст, биле присилно евакуирани и прифатени од тогашната власт во поранешна Југославија и сместени во детски дом во Бела Црква во Србија. Тука останува три и пол години, а благодарение на Црвениот крст во тоа време, татко му Крсте успеал да го пронајде.

Во разговорот Марковски ни кажа дека тогаш за првпат во училиштето учи на својот мајчин македонски јазик. Школувањето го продолжува во Скопје, каде што се преселиле да живеат. Тука го завршил основното и средното образование, а потоа завршил и Медицински факултет. По дипломирањето, како лекар по општа медицина, се вработил во Медицинскиот центар во Крива Паланка. По пет години, специјализира Радиологија, и како специјалист работи во истиот центар во Крива Паланка сè до пензионирањето во 2005 година. Веднаш се вклучува во активностите на здружението на пензионерите, како љубител на шахот, при што настапува на меѓуопштинските спортски натпревари, како и на пензионерските регионални спортски натпревари. За успешните настапи сведочат добиените благодарници и признанија. На 26. пензионерски регионални спортски натпревари го освојува првото место во шах, со што стана учесник на Републичката пензионерска спортска олимпијада 2022 година.

Д–р Сократ Марковски како истакнат и докажан лекар е избран од ИО на ЗП Крива Паланка да ја води комисијата за здравство. Тој неуморно се грижи за здравјето на своите колеги пензионери. Неодамна внесе една нова идеја за отворање пензионерска амбуланта во просториите на клубот за дневен престој на пензионери. Идејата беше прифатена од раководството на здружението и затоа посебно е горд што пензионерите се задоволни со отворање на медицинската амбуланта, која работи секој вторник. Во амбулантата работи и пензионирана медицинска сестра која бесплатно мери шеќер во крвта и притисок на секој пензионер кој има потреба. Д–р Сократ Марковски иако веќе е навлезен во деветтата деценија од животот, истакна дека сè уште се чувствува витален, и вели:

– Ќе се залагам за доброто на здружението и ќе водам и понатаму грижа за здравјето на колегите пензионери, – на кои им порача да водат активен пензионерски живот, бидејќи во тоа е смислата на животот. Д–р Сократ Марковски не само што е истакнат лекар специјалист, пензионер, шахист, тој е и родител, горд дедо и прадедо.

**Б. Стојчевска**




Кредит за пензионери до 75 години
До 160 000. на 36 месеци
Месечна рата 2 608 денари
Земи 40 000 денари
Рок на отплата 24 рати
Аплицирај за кеш кредит во експозитура, на www.iutecredit.mk, преку мобилната апликација MyIute или на телефон 13 333. Ние ќе ти помогнеме при аплицирањето.
Парите се достапни за 15 минути.
iutecredit


Пензија на 1-ви!
Станете корисник на услугата Пензија на 1-ви и очекувајте ја Вашата пензија порано од сите други.
Понуда и услуги за пензионери:
· Потрошувачки кредит за пензионери со фиксна каматна стапка во првите ДВЕ години почнувајќи од 6,75% и вклучена полиса за животно осигурување;
· Максимален износ до 300.000 МКД;
· Трансакциска сметка и дебитна картичка;
· Без надоместок за следење на Електронско банкарство.
За дополнителни информации посетете ја нашата веб-страница www.sparkasse.mk или информирајте се преку Контакт центарот на телефонскиот број 02-3200-600.
SPARKASSE Bank
Банка на вашето семејство
*Клиентот при доспевањето на последната рата од кредитот може да има максимум полни 70 години.
14,28% СВТ за потрошувачки кредит на износ од 300.000 МКД; рок на отплата 6 години; фиксна каматна стапка од 6,95% п.а. за првите две години и променлива каматна стапка од 8,75% п.а. за преостанатиот период; трошоци за апликација 1.000 МКД; провизија за одобрување на кредитот 1.000 МКД и премија за животно осигурување за лице на 64 години од 42.229МКД (според условите на осигурителната компанија). Врз висината на СВТ влијае рокот на отплата на кредитот, износот на кредитот, надоместоците за аплицирање и обработка на барањето за кредит, премијата за животно осигурување како и висината на номиналната каматна стапка.




## Цитати од Виктор Франкл

● Не цели кон успехот. Колку повеќе се нафрлите кон него и го правите цел, толку повеќе ќе го пропуштите. Бидејќи успехот, исто како и среќата, не може да се прогонува, туку мора да се развие, а тоа се случува само како, ненамерен страничен ефект, на нечија лична посветеност на причина поголема од самиот себе, или како споредeн производ на нечие предавање на личност, која е надвор од тебе (која не си ти). Среќата мора да се случи, и истото важи и за успехот: мора да дозволиш да се случи, а да не се грижиш за тоа. Сакам да слушнеш што ти заповеда твојата совест и да продолжиш да го спроведуваш тоа, најдобро што можеш. Тогаш ќе доживеете да го видите тоа долгорочно – долгорочно велам! – успехот ќе ве следи токму затоа што сте заборавиле да размислувате за тоа.

● Љубовта е единствениот начин да се сфати друго човечко суштество во најдлабокото јадро на неговата личност. Никој не може да биде потполно свесен за самата суштина на другото човечко битие, доколку не го сака. Преку љубовта тој е способен да ги види суштинските особини и карактеристики кај саканата личност; и уште повеќе, тој го гледа потенцијалот во неа, кој не е сè уште актуелизиран, а треба да биде реализиран. Понатаму, со својата љубов, личноста која љуби ѝ овозможува на вољубената личност да ги реализира овие потенцијали. Со тоа што ја прави свесна за тоа што може да биде и треба да стане, тој овозможува да се реализираат овие потенцијали.

● Но, денешното општество е карактеризирано со ориентација кон достигнувања, па следствено ги обожава луѓето кои се успешни и среќни, а особено ги обожава младите. Практично, ја игнорира вредноста на сите кои се поинакви, и на тој начин ја замаглува одлучувачката разлика, помеѓу тоа да се биде вреден во смисла на достоинство и да се биде вреден, во смисла на корисност. Доколку на некој не му е позната оваа разлика и смета дека вредноста на поединецот произлегува само од неговата сегашна корисност, тогаш верувајте ми, се должи само на личната недоследност, да не се залага за еутаназија по линијата на програмата на Хитлер т.е. на „милосрдно“ да речеме, убиство на сите оние кои ја изгубиле својата општествена корисност, дали поради старост, неизлечива болест, ментална растроеност, или поради кој било недостаток од кој страдаат. Заменувањето на достоинството на човекот, со чиста корисност, произлегува од концептуалната конфузија, која пак може да се проследи наназад до современиот нихилизам, пренесен на многу академски кампуси и многу аналитички каучи.

**Маја Белева**

## КРСТОЗБОР




**Решение:** Спаса, еванс, комплимент, а, сектори, п, ск, варна, пи, кот, риа, пел, в, апел, н, кикот, иб,елегичност, ета, креда, линии, тар, анкара, нем, ками, вис, мер, ризалит, ек, дорис, делон, р, црнозем, ленон, наредбодавец, за, акна, аматер, кад.

## Хумор

– Трпано, а зашто се ти свак д'н шминкаш?
– Па да биду убава!
– Па к'д ќе бидеш...?

* * *

– Кажи ми книга на која си плачел најмногу?
– Збирка задачи по математика...

* * *

Трпе и се обраќа на Трпана:
– Трпано, треба да раскинеме!
– Е зашо, одиме само три дена?
– Не си ти виновна – јас отрезнев!

* * *

Трпе оди на преглед за висок притисок.
– Не треба да јадеш месо.
– А шо да јадам?
– Па сливи, грозје, круши...
– Јас тоа го пијам, кажи шо да јадам?!

* * *

Трпана и се жали на Цвета:
– Готово е, не можам да издржам веќе, решив ќе се разведам од Трпе.
– Дали сакаш да ти најдам добар адвокат?
– Е сега е касно, веќе си најдов еден поштар од Ѓорче.

* * *

Во банка:
– За што земате кредит?
– Ќе возиме до Штип, на пастрмајлија...

* * *

Некој бизнисмен сакал да му подари автомобил на еден пратеник.
– Знаете, јас не можам да прифатам толку вреден поклон...
– Добро тогаш да речеме дека сум ви го продал, за 20 евра. Може?
– Па ако е така, тогаш ќе земам 2.

* * *

Во бутик:
– Госпоѓо, овие банкноти се мокри!?
– Мажот ми многу плачеше кога ми ги даваше.

* * *

Разговор помеѓу двајца џепџии:
– Од каде толку убав часовник?
– Тоа е подарок од сестра ми.
– Ти немаш сестра.
– Па немам, но така пишува на часовникот.

* * *

Разговараат две пријателки по подолго време:
– Трпано, советувај ме што да правам? Оној мојот, нели пред две години, отиде во Америка и сега ме вика да одам таму со двете деца...
– Па, ти си луда! Зошто воопшто прашуваш, спакувај ги куферите и тргнувај.
– Абе, да тргнам, ама децата во меѓувреме станаа четири...

* * *

Разговараат мајка и ќерка.
– Ќерко, овој твојов маж, ми се чини ко ич да не се радува кога ќе дојдам на гости?
– Ма не мајко, он е малку спор и така поспоро му доаѓа мислата. Знаеш колку се радува кога ќе си отидеш?!

* * *

Трпе на смртна постела:
– Мила, сакам да се омажиш за комшијата Цветко!
– Ама како така, нели го мразиш?!
– Е па баш затоа!

## Мечката и пчелата

Мечката дошла до една кошница и почнала полека да го вади саќето со мед и почнала да јаде. Една пчела ја каснала за носот, таа се налутила ја дигнала кошницата и ја треснала од земја. Тогаш сите пчели се разлутиле и се нафрлиле на мечката, летајќи некоја во ушите, некоја во очите, така што таа го нашла спасот во бегањето, зборувајќи:

– Нели сум јас луда! Зар не ми беше подобро да ја поднесам пакоста на еден непријател, туку поради моменталната освета, многу непријатели предизвикав против себе!?

ПОУКА: Неразумната освета на многумина им штети, затоа што поголем број на послаби може да победат и еден појак.



Седница на Комисијата за старски и пензионерски домови и стандард на пензионерите

# Донесени значајни заклучоци

На 16 септември 2022 година во просториите на Сојузот се одржа 6–ата седница на Комисијата за старски и пензионерски домови и стандард на пензионерите на која присуствуваа потпретседателот на ИО на СЗПМ Ментор Ќоку и секретарот на Сојузот Менка Темелковска. Со седницата раководеше Митко Стефанов.



На почетокот на седницата потпретседателот на Извршниот одбор на Сојузот Ментор Ќоку ги поздрави присутните и им пренесе поздрави од претседателката Станка Трајкова која од оправдани причини беше отсутна, а потоа на присутните им посака успешна работа.

Според предложениот и едногласно усвоен дневен ред претседателот на Комисијата Стефанов информираше дека за состојбите на старските и пензионерските домови е подготвена Информација и истата е доставена до Владата на РС Македонија и до Министерството за труд и социјална политика, меѓутоа досега од нив нема одговор. Исто така се истакна дека во Информацијата било поставено прашањето за субвенција од државата во цената на сместување на пензионерите во приватните пензионерски домови поради нивната висока цена.

Потоа, претседателот Стефанов се осврна на социјалните сервиси и рече дека во некои општини има социјални сервиси за нега на стари лица во домашни услови, додека во некои општини такви центри не постојат. За да се согледаат состојбите со социјалните сервиси се заклучи членови од комисијата во соработка со здруженијата на пензионерите, локалната самоуправа и Црвениот крст да обезбедат податоци за состојбите со сервисот и врз основа на добиените податоци да се подготви Информација на ниво на целата држава со прашања како функционираат, како обезбедуваат средства и дали истите се со рок на функционирање, дали има обучен кадар за давање на услуга и кој ги плаќа, дали и колку пензионерите плаќаат за услугата и друго.

За Општина Радовиш претседателот Стефанов рече дека има сознание дека 14 лица се обучени да даваат помош на стари лица од кои 6 за лицата болни со Алцхајмерова болест. Во октомври 2022 година се планира да се обучат уште 15 лица од кои 3 за нега и помош на слепи лица. Меѓутоа, не е познато финансирањето дали тој проект е само за 6 месеци, потоа кој финансира и дали и колку пензионерите плаќаат за дадената услуга.

Претседателот Стефанов истакна дека состојбата со старите лица во руралните средини е многу тешка, старите лица нема кој да ги снабдува со храна, а во некои места и нема кој да ги погреба. Стефан Владимиров истакна дека многу е тешко да се градат домови за стари лица, бидејќи и откако ќе се изградат, треба со нив да се работи односно да се обезбедува храна, сместување и нега на старите лица за што треба многу средства и кадар. Кирило Велинов рече дека во Кисела Вода има формирано социјални сервиси и обучени се лица за нега на стари лица, но нема сознание дали и како функционираат.

Според втората точка беше констатирано дека во некои здруженија постојат правилници врз основа на кои се учествува со партиципацијата на цената на пензионерите кои ќе одат на бањско лекување. Предност имаат пензионерите со ниски пензиски примања. Меѓутоа од пензионерите со ниски пензиски примања слабо има интерес бидејќи истите немаат можност и со партиципација да одат на бања. Затоа се размислува во Правилникот да се регулира на корисниците со ниски пензиски примања да се зголеми процентот на партиципацијата, во зависност од можностите на здружението.

На крајот се донесе заклучок да се подготви Информација на ниво на држава за состојбите со учеството на здруженијата на пензионерите во цената на услугите за бањско лекување на корисниците на пензија.

**Митко Стефанов**

ЗП Центар

# Плодна седница на Собранието со присуство на градоначалникот

На 20–ти септември 2022 година се одржа 13–тата седница на Собранието на ЗП Центар на чиј дневен ред беше Извештајот за остварените приходи и расходи за периодот од 1 јануари до 13 јуни годинава.

Седницата ја водеше претседателката на Собранието Љупка Крстева која најнапред ги повика членовите на Собранието да им оддадат почит на починатите членови меѓу двете седници со едноминутно молчење.

Образложение за Извештајот за остварените приходи и расходи во првото шестмесечје од 2022 година поднесе претседателот на ИО и на здружението Злате Стефановски кој најнапред на сите пензионери им го честита Денот на пензионерите на Македонија, 20–ти септември. Потоа тој одделно по конта, ги образложи сите расходи на здружението, посебно за секој огранок, по што се разви и дискусија во која беа побарани и некои појаснувања околу расходите и беше заклучено дека Здружението домаќински се однесува кон пензионерскиот денар. Вкупните приходи на Здружението изнесуваат 4.067.786,00 денари, а вкупните расходи 1.583.133,00.



Следната точка на дневниот ред беше Информацијата за одржаните Регионални и Републички пензионерски спортски натпревари. Подетално за учеството и резултатите зборуваше претседателот на Комисијата за спорт Србо Јаковлевски. И во неговиот извештај и во дискусијата беше нагласено дека пензионерите од здружението постигнале добри резултати во повеќе дисциплини и на Регионалните и на Републичките натпревари и освоиле повеќе први места и екипно и поединечно. На седницата им беше оддадено признание на сите учесници на овие натпреварувања.

Во работата на членовите на Собранието им се придружи и градоначалникот на Општина Центар Горан Герасимовски. Поздравувајќи ги пензионерите градоначалникот изрази подготвеност Општината да помогне во повеќе делови од животот и активностите на пензионерите и подготвеност да се продлабочи соработката. Герасимовски информираше за повеќе социјални проекти на Општината и рече дека во мерките за социјалната помош ќе бидат опфатени и пензионерите со ниски пензии. Во дискусијата беше предложено да им се помогне посебно на оние пензионери што живеат сами и се со минимални пензии бидејќи не само што не можат да ја наполнат пензионерската кошничка, туку не можат ни да си ги платат комуналиите. Градоначалникот Герасимовски одговори дека Општината може да помогне со еднократна помош и со социјалните пакети. Потоа беше прашан дали во блиска иднина се размислува за изградба на пензионерски дом во Центар, а одговорот беше дека ќе се размисли, но дека тоа е огромен потфат. Со градоначалникот беше разговарано и за пензионерските клубови и за некои отворени прашања околу нив и беше заклучено дека заемната соработка добро се одвива. Градоначалникот на Општина Центар Горан Герасимовски како што беше дочекан со аплаузи, така беше и испратен, бидејќи како што беше речено, тој секогаш е подготвен да разговара и да помогне за секое пензионерско прашање и проблем.

На крајот на седницата претседателот на ЗП Центар Злате Стефановски информираше дека на 11 Октомври заедно со општината, ќе биде организиран шаховски турнир, а се разговараше и за некои прашања од тековното работење на Здружението.

**Цветанка Илиева**

ЗП Прилеп

# Немирниот мариовски дух на пензионерот Крајоски

Стојко Крајоски е пензионер на свои 78 години. А, пензионер е уште од далечната 2000–та година. Крајоски е како што самиот вели, типичен Мариовец, со немирен и ведар дух. Роден е во Витолиште, Прилепско, и поголемиот дел од неговиот живот е поврзан со настаните, случките и активностите во Витолиште. По петнаесетте години учителствување, се вработува во Општинскиот штаб за територијална одбрана, а последните претпензиски години ги минува на работа во Армијата на Република Македонија.

– Е, тоа е тоа, околу моето работно ангажирање, но сепак јас сум Мариовец кој, како што велите, не мирува. Секоја година, во летниот период поминуваме во мојата родна куќа во Витолиште, која е во поранешен мариовски амбиент. Мој гостин во неа беше и поранешниот евроамбасадор Ерван Фуере. Воодушевен од она што го виде ми препорача да се трудам поголем дел од мојот живот да го поминам во Витолиште, во чистиот еко амбиент, природа и како што рече, да уживам и да си го продолжам животот. Во времето, Витолиште имаше повеќе од 1 400 жители, а сега жителите се иселија кој во Прилеп, Битола, Скопје, некои и подалеку во прекуокеанските земји. Витолиште може да се каже, дека сега е пусто, природата е чиста, но луѓето ги нема. Добро е што пред триесетина и повеќе години се направи патот до Мариово. Тоа како да беше последната поголема активност. Замреа многу нешта, но ние тамошните Мариовци не мируваме, имаме многу идеи што и како да се направи во овој еколошко чист простор.



Како пензионер Стојко Крајоски не мирува. Во Прилеп, како пензионер тој е член и пејач во КУД „Пензионер“, има учествувано со прилепските пензионери на повеќе културни манифестации низ Македонија, соседна Србија. Најмногу има живеено во Прилеп и во Скопје, а тој покрај пејач е и планинар.

Стојко Крајоски живеел неколку години, посебно во зимските месеци, во Сингапур. Неговиот син е пилот на патнички авион на сингапурска авиокомпанија. Честа релација му е Сингапур, Токио, Лос Анџелес, САД. Така Стојко со неговата сопруга се имаат „пролетано“ и до Малезија, Тајван, Хонг Хонг и други азиски земји.

Дека Стојко Крајоски е навистина ангажиран за состојбите и сака Мариово да биде барем дел од она некогашното, тој не мирува и ги поттикнува своите сосељани да направат нешто повеќе за развој на селскиот туризам. Интересна е традицијата за Илинден, кога во Витолиште се слави и се собираат повеќе гости од цело Мариово, дури и од далечните прекуокеански земји, завршува огромниот за сегашните лоши состојби во неговото и некогаш најубаво село во Мариово – Витолиште.

**К. Ристески**

# Мојата генерација

Ти што наликуваш на стар даб,  
со длабоко пуштени корени,  
на чии гранки расцутеа многу цветови,  
се родија многу плодови,  
со гордост те нарекуваме Штипска Сорбона.  
На вас, што во живот не воведувавте  
и со љубов воспитувавте,  
од срце Ви благодариме,  
И искрено жалиме што и денес  
не сте со нас.  
Злобните ветрови од веткитe  
на стариот даб, многу лисја откинаа.  
Ние и денес гордо стоиме  
И до 60 броиме.  
А мисли летаа, низ минати  
времиња не шетаат кога, како мали поточиња  
од разни краеви во тебе се слеавме.  
Преплашени, срамежливо  
прагот твој го пречекоривме.  
четири години со детска смеа  
и џагор те исполнувавме.  
Потоа на крстопат се најдовме  
и успеавме да се снајдеме  
Нови генерации да водиме.  
и денес, од многу краеви  
дојдовме, на местото  
од каде почнавме да ја одиме  
врвицата на животите наши.  
По 60 години се собравме во градот  
на младоста наша.  
Ја занишавме колевката на спомени,  
а сеќавањата навираат  
како планински вруток,  
се нижеа како бисери на момински ѓердан.  
Бевме и останавме генерација за паметење.  
Бевме добри ученици,  
бевме и беспрекорни учители.  
Пресреќни сме што се гледаме,  
но и тажни што не се препознаваме.  
Ко свенати рози сме денес,  
со плеќи поднаведнати и лица набраздени.  
А, ко вчера да беше, ни чекор ни тежеше,  
ниту неизвесност не плашеше.  
И кога на крстопати ќе се најдевме,  
знаевме да се снајдеме.  
Но, бидете горди на делата Ваши,  
со упорната работа Ваша  
многу учители, доктори,  
инженери и корисни граѓани  
на нашата земја станаа.

**Милевка Здравковска**

ЗП Велес

# Јордан Маневски - Орце, активен учесник во пејачката група во Здружението

Јордан Маневски потекнува од Стари Град, Општина Чашка, а живее во Велес. Член е на Здружението на пензионери Велес во коешто активно зема учество во повеќе



дејности. Член е на пејачката група и учествува на сите видови културни манифестации во земјата и надвор од неа.

По завршувањето на средното образование член е на Културно–уметничкото друштво „Керамичар“ во Велес. По само една година настапува и како соло–пејач, а и во пејачките групи „Керамичар“, „Коле Неделковски“, „Брако“, „Распеани велешани“ и други друштва. Јордан Маневски за постигнатите успеси во пеењето многу често е награduван не само со пофалници, туку и со дипломи за освоени први и втори места.

По покажаниот успех како соло–пејач зема учество на многу фестивали во земјата и надвор од неа. Учествува на фестивали во Шпанија, Франција, Англија, Турција, Германија, Бугарија и многу други земји. Почнува да снима, исклучително староградски велешки песни со чалгии. Во МРТВ е повикуван на разни емисии по најразлични поводи.

Во 1991 година, на Фестивалот „Гоце фест“ за изведба на песната „Македонија на Македонците“ ја освојува втората награда од публиката.

Но неговата пејачка кариера не застанува тука. Тој настапува на многу настани, а како пензионер член е и на пејачката група на Здружението на пензионери од Велес.

**Н. Алексоска**